# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2018 ГОДИНА

*Март 2019 година*

**Содржина**


- ***ДЕЛ ПРВИ***
  *Образложенија кон Финансиските извештаи*
  *- Завршна сметка на Основниот Општински Буџет*
  *- Завршна сметка на Органот на Општина Кавадарци*

- ***ДЕЛ ВТОРИ***
  *Извештај за реализација на наменските,блок дотации,самофинансирачките активности и средства од основниот општински буџет за делегирани надлежности на Општините*

- ***ДЕЛ ТРЕТИ***
  *Извештај за реализација на Програмски активности по одделните Сектори*

- ***ДЕЛ ЧЕТВРТИ***
  *Извештај за користење на средства од резервите*

- ***ДЕЛ ПЕТИ***
  *Извештај од одговорниот сметководител*

# ДЕЛ ПРВИ

## *Образложенија кон Финансиските извештаи*

***- Завршна сметка на Основниот Општински Буџет***
***- Завршна сметка на Органот на Општина Кавадарци***

**ОБРАЗЛОЖЕНИЈА КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**ЗАВРШНАТА СМЕТКА - БУЏЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ЗА 2018 ГОДИНА**

***ВОВЕД***

Општи информации

Општина Кавадарци е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во органите на општината и со непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, на начин и постапка утврдени со закон.

Општината е правно лице со седиште во Кавадарци

**Надлежност**

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Здравствена заштита, односно управување со мрежата на јавни здравствени организации, превентивни активности, надзор над заразни болести;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Организација и сметки**

Органи на општината се:

- Советот и
- Градоначалникот.

**Совет:**

Советот на Општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на Општината го сочинуваат 19-ет претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае четири години.

Советот ги врши следните работи:

- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
- Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Врши и други работи утврдени со закон.

Седниците на советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш во три месеци, на барање на градоначалникот или на барање на најмалку ¼ од членовите на советот. Советот може да работи ако на седниците присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот. Седниците на советот се јавни.

Членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци.

Претседателот на советот се избира од редот на членовите на советот, со мандат од четири години. За претседател на советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

**Градоначалник**

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од четири години.

Градоначалникот ги врши следните работи:

- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината;
- Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;

- Избира директори на јавните служби кои се основани од општината, врз основа на јавен конкурс;
- Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените;
- Врши други работи утврдени со закон и со статут.

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## ПРИХОДИ

### А.Даночни приходи

Даночните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:

- Данок од доход,од добивка и од капитална добивка,
- Даноци на имот,
- Даноци на специфични услуги,
- Такси за користење или дозволи за вршење на бизнис

| Опис | Буџет 2018 (тековна година) | Извршено 2018 (тековна година) | Извршено 2017 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Данок од доход,од добивка и кап.добивка | 14,000,000 | 8,980,261 | 8,073,434 |
| Даноци на имот | 89,500,000 | 81,541,577 | 43,683,278 |
| Даноци на специфични услуги | 101,878,000 | 67,263,018 | 49,433,298 |
| Такси за користење или дозволи за дејност | 18,150,000 | 10,308,091 | 8,061,924 |
| | **223,528,000** | **168,092,947** | **109,251,934** |

Согласно со одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и поодделните законски и подзаконски прописи (Закон за даноците на имот, Закон за комуналните такси, .....) се остваруваат даночните приходи по основ на:

**1.Данок од доход,од добивка и од капитална добивка односно Персонален данок од доход** ги опфаќа даноци од плати од лица вработени кај буџетски корисници, трговски друштва, јавни претпријатија, данок на плати остварени во странство, како и данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност, и истиот е реализиран во износ од 8.981.260 ден

**2.Даноци на имот** се релизирани во износ од 81.541.577 ден и ги опфаќаат данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности;

**2.1. Данок на имот**

Вкупно остварените приходи во 2018 година по основ на Данок на имот на физички лица износува 26.359.034 денари, Данок на имот на правни лица износува 25.985.458 ден,при што се изготвени 14.315 решенија за данок на имот на физички лица и 377 решенија по основ на Данок на имот на правни лица

.

Вкупниот Облог на Данок на имот на физички лица изнесува 25.534.154 ден ,додека Вкупниот облог на Данок на имот на правни лица изнесува 25.153.413 ден.

**2.2. Данок на наследство и подарок и Данок на промет на недвижности и права**

Во 2018 година биле примени вкупно 913 предмети од кои за Данок на промет на недвижности и права се примени 487 предмети , а за Данок на наследство и подарок 426 предмети.

Вкупно остварените приходи по овој основ изнесуваат 29.193.932 ден. при што Приходи по основ на данок на наследство и подарок изнесуваат 1.763.341 ден ,додека Данокот на промет на недвижности и права е остварен во износ од 27.430.591 ден

Стапката на Данок на промет на недвижности и права изнесува 3% од пазарната вредност и истата е објавена во Службен гласник на Општина Кавадарци број 12,

Стапките на данок на наследство и подарок се пропорционални во зависност од наследниот ред и тоа од прв наследен ред 0% , од втор наследен ред 3% и од трет наследен ред или не е во сродство се пресметува стапка од 5%.

**<u>3.Даноци на специфични услуги</u>** се реализирани на износ од 67.263.018 ден, кои опфаќаат комунални такси за истакнати фирми, такси од регистрација на моторни возила, такса за јавно улично осветлување, такса за користење на просторот пред деловни простории, надомест за комунално уредување на градежно земјиште и други комунални такси и надоместоци:

3.1.Комунална такса за истакнување на фирма односно назив на деловна просторија-Вкупно остварен приход во 2018 година износ од 11.836.852 ден., Облогот за 2018 година по основ на издадени Решенија на 2364 обврзници за Фирмарина односно назив на деловна просторија изнесува 12416.973 ден.

3.2.Комунална такса за користење и одржување на јавното осветлување е остварена во износ од 29.159.008 ден.

3.3.Комунална такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејноста – Во 2018 година врз основа на издадени решенија на правни и физички лица од кои е остварен приход во износ од 2.347.325 ден.

3.4.Комунална такса за користење на плоштад и друг простор за изложување односно Комунална такса за користење на простор за Есенскиот панацур,Тиквешки гроздобер,Осми Март,Св.Трифун и сл.остварен е приход во износ од 1.864.100 ден.

3.5.Надоместот за уредување на градежно земјиште реализиран е Вкупен приход од 15.590.807 ден

3.6.Комунална такса за користење на улици..што се плаќа при регистрација на возила реализиран е вкупен износ од 5.892.459 ден.

3.7.Другите даноци за Специфични услуги се реализирани на износ 572.467 ден. и тоа по следните основи; Комунална такса за привремен претстој реализација во износ од 177.544 ден., користење на простор за паркирање-Такси службите износ од 362.811 ден. ,други надоместоци од Комунална дејност во износ од 6.112 ден и камата за ненавремено плаќање на такси во износ од 26.000 ден.

**4.Такси за користење или дозволи за вршење на дејноста** –Вкупно остварен приход во износ од 10.308.091 ден. од кои Надоместок за еколошки дозвола износ од 58.845 ден.,Надомест за управуцање со отпад износ од 6.100 ден и Надомест одржување на јавна чистота износ од 10.243.146 ден.

**Б.Неданочни приходи**

Неданочните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:

- Глоби,Судски и Административни такси

- Такси и надоместоци
- Други владини услуги
- Други неданочни приходи

| Опис | Буџет 2018 (тековна година) | Извршено 2018 (тековна година) | Извршено 2017 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Глоби,Судски и Административни такси | 3,430,000 | 1,256,561 | 952,947 |
| Такси и надоместоци | 2,500,000 | 564,566 | 2,048,659 |
| Други неданочни приходи | 16,000,000 | 8,387,835 | 15,172,700 |
| | **21,930,000** | **10,208,962** | **18,174,306** |

Општината Кавадарци остварува неданочни приходи по основ на:

– Глоби судски и административни такси што опфаќаат наплата на административни такси кои се наплаќаат за списи и дејствија кај органите на општините;

– Такси и надоместоци што се однесуваат на приходи од закупнина од објекти во сопственост на Општината

– Други владини услуги што опфаќаат приходи од изработка на просторни и урбанистички планови,и

– Други неданочни приходи односно приходи од наплатен надомест за користење тезги,дел од Надоместот за каско осигурување и останати неданочни приходи.

**В.Капитални приходи**

Капиталните приходи се остварени во износ од 37.570.709 денари и тоа по следните основи:

- Приходи од продажба на неизградено градежно семјиште во Сопственост на РС Македонија износ од 7.369.519 ден.
- Приходи од закуп на земјоделско земјиштево сопственост на државата износ од 4.440.958 ден
- Надомест за детални геолошки истражувања износ од 0,00 ден.
- Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини по основ на простор износ од 441.675 и по основ на суровина во износ од 3.539.480 ден.
- Приходи од надомест за долготраен закуп во износ од 72.722 ден
- Надомест за легализација на бесправно изградени објекти износ од 21.706.355 ден.

**Г.Трансфери и донации**

Трансферите и донациите се остварени во износ од 68.887.725 ден. По основ на Трансфери од Буџет на РСМ износ од 798.540 ден. , Трансфер од буџет на фондови износ од 7.029.741 ,Приходи од ДДВ во износ од 52.407.454 ден. и Пренесен вишок на приходи од 2017 износ од 8.651.990 ден

## ТЕКОВНИ РАСХОДИ

### Плати и надоместоци

Средствата за плати и надоместоци се остварени/извршени во Буџетот на Општина Кавадарци, согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите (Закон за исплата на платите во РСМ., Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РСМ. и другите избрани и именувани лица во Републиката, Закон за државните службеници, Закон за работните односи, итн.) и тоа по следните основи:

- Основни плати;
- Надоместоци;
- Придонеси од плати и персонален данок

| Опис | Буџет 2018 (тековна година) | Извршено 2018 (тековна година) | Извршено 2017(претходна година) |
|---|---|---|---|
| Основни плати | 34,386,000 | 32,838,282 | 27,431,557 |
| Надоместоци | 4,849,000 | 4,747,762 | 4,024,281 |
| Придонеси за социјално осигурување | 13,982,000 | 12,020,492 | 9,748,069 |
| | **53,217,000** | **49,606,536** | **41,203,907** |

### Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се остварени/извршени во Буџетот на општина Кавадарци, согласно одредбите од Законот за буџетите/Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Одлуката за извршување на буџетот на општината и тоа по основ на Тековни резерви. За оваа намена во 2018 година има реализација во износ од 15.000 ден

### Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на остварените/извршените износи во Буџетот на Општината Кавадарци, и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: хранарина (дневници), патни расходи, сместување и споредните расходи за време на службен пат во земјата и странство;
- комунални услуги, кои опфаќаат: струја, вода и канализација и други комунални услуги;
- расходи за затоплување, кои опфаќаат набавка на течни горива за затоплување;
- расходи за комуникација и транспорт кои опфаќаат: пошта, телефон и телефакс, горива и мазива, гуми внатрешни и надворешни и резервните делови;
- материјали, кои опфаќаат: расходи за канцелариски материјали, учебници, списанија, весници и други изданија, копирање, печатење и издавање, ленти, касети и друго за АОП, средства за одржување на хигиена, алати и ситен инвентар, пијалоци, други прехранбени продукти, униформи и работни облеки и обувки и други материјали;
- тековно одржување, кои опфаќаат: расходи за сервисирање на леки коли и други возила, расходи за извршени тековни поправки на капиталните

средства (основни средства), зградите, опремата, патиштата и другите видови капитални средства (поголемите поправки кои преставуваат расход за инвестиционо одржување не се искажуваат на ова конто);

- договорни услуги, кои опфаќаат: расходи за адвокатски и други правни услуги, надомест за платен промет и банкарска провизија, осигурување на моторни возила, членарини во домашни организации и други договорни услуги;
- други оперативни расходи, кои опфаќаат: репрезентација, расходи за одликувања, расходи за меѓународни спортски натпревари и други оперативни расходи.

| Опис | Буџет 2018 (тековна година) | Извршено 2018 (тековна година) | Извршено 2017 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Патни и дневни трошоци | 955,000 | 811,682 | 780,342 |
| Комунални услуги | 19,116,000 | 15,520,584 | 16,067,984 |
| Материјали и Ситен инвентар | 13,114,000 | 6,809,802 | 10,953,080 |
| Поправки и Тековно одржување | 27,710,000 | 16,416,537 | 15,101,664 |
| Договорни услуги | 13,562,000 | 7,001,173 | 4,713,443 |
| Други тековни трошоци | 8,573,000 | 6,230,887 | 7,706,532 |
| Привремени вработувања | 10,930,000 | 10,068,599 | 2,699,750 |
| | **93,960,000** | **62,859,264** | **58,022,795** |

**Каматни плаќања**

Каматни плаќања кон домашни кредитори по основ на камата на кредит во 2018 година износ од 0,00 ден

**Субвенции и трансфери**

Субвенции и трансфери се остварени/извршени во 2018 година во износ од 41.140.925 ден по основ на тековни трансфери, кои опфаќаат:

- Трансфери до невладени организации кои опфаќаат: плаќања до хуманитарни организации, трансфери до спортски клубови,здруженија на граѓани и фондации,до месни заедници и др.непрофитни организации ;
- Разни трансфери кои опфаќаат плаќања по судски решенија,Трансфери за пензионирање на вработени во Општинската администрација и вработени во институциите под надлежност на Општината и Други трансфери- наменети за Празници и Манифестации од Општински карактер.

| Опис | Буџет 2018 (тековна година) | Извршено 2018 (тековна година) | Извршено 2017 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Трансфери до невладини организации | 12,658,000 | 11,798,921 | 9,616,486 |
| Разни трансфери | 34,080,000 | 29,342,004 | 20,404,106 |
| | **46,738,000** | **41,140,925** | **30,020,592** |

**Социјални бенифиции**

Социјални бенифиции остварени во 2018 година изнесуваат 3.246.081 ден и истите се остварени по основ на исплата на Социјални надоместоци наменети за помош на социјално загрозените семејства во вид на еднократна парична помош и парична помош за лекување,како и парична помош на семејствата за новородено дете.

**Капитални расходи**

**Купување на капитални средства**

Капиталните расходи се наменети за набавка на постојани средства и за истите се остварени/извршени во износ од 121.196.223 ден. средства од Буџетот на Општина Кавадарци, и тоа по следните основи:

- Купување на опрема и машини опфаќа трошоци за Купување на канцелариска опрема,информатичка и видео опрема,Опрема за греење и климатизација и друга опрема
- Градежни објекти опфаќа расходи за Подготовка на проекти за деловни објекти и реконструкција на истите
- Други градежни објекти опфаќа трошоци за Подготовка на проекти,Изградба и Реконструкција на улици и патишта,Изградба и реконструкција на прочистителни станици и колектори , Изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување , Изградба и реконструкција на други објекти и Надзор над изградбата
- Купување на мебел опфаќа купување на канцелариски мебел и опрема и друга опрема
- Вложувања и нефинансиски средства опфаќа трошоци за Експропријација на одземен имот и
- Купување на возила опфаќа трошоци за купување на моторно возило

| Опис | Буџет 2018 (тековна година) | Извршено 2018 (тековна година) | Извршено 2017 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Купување на опрема и машини | 11,343,000 | 7,159,673 | 4,799,185 |
| Градежни објекти | 150,000 | 131,160 | - |
| Други градежни објекти | 198,022,000 | 102,680,300 | 67,770,978 |
| Купување на мебел | 685,000 | 240,000 | 72,580 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 10,115,000 | 8,435,091 | 7,117,005 |
| Купување на возила | 2,550,000 | 2,549,999 | - |
| | **222,865,000** | **121,196,223** | **79,759,748** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

### Парични средства

Паричните средства се проценети според номинален износ и ги опфаќаат паричните средства што се на сметката со состојба на 31.12.2018 година и изнесуваат 8,651,990 денари .

| Опис | 31 декември 2018 (тековна година) | 31 декември 2017 (претходна година) |
|---|---|---|
| Сметка | 6,698,119 | 8,651,990 |
| Благајна | - | - |
| | **6,698,119** | **8,651,990** |

### Краткорочни финансиски побарувања

Краткорочните финансиски побарувања произлегуваат од ненаплатените побарувања од правни и физички лица во вкупен износ од 33.694.253 денари и ги опфаќаат следните ставки;

- Побарувања по основ на Данок на имот од правни лица износ од 3.941.462 ден.
- Побарувања по основ на Данок на имот од физички лица износ од 9.405.415 ден.
- Побарувања по основ на Комунална такса за истакнување на фирма износ од 19.313.820 ден.
- Побарување по основ на комунален надомест за бесправно изградени објекти-легализација износ од 333.437 ден.
- Побарувања од Министерства по основ на користење на Општинска зграда(Вода,Ѓубрарина,Струја) износ од 628.518 ден.
- Побарувања по основ на закупнини на општински имот износ од 71.600 ден.

### Активни временски разграничувања

Активните временски разграничувања се однесуваат на други временски разграничувања на износ од 167.347 ден.

## ПАСИВА

### Финансиски и пресметковни односи

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 167.347 денари и се резултат на пренесена обврска за ДДВ по фактури издадени во 2018 година.

### Пасивни временски разграничувања

Пасивните временски разграничувања се проценети на вкупен износ од 40.392.372 ден и се однесуваат на Дел од вишок на приходи пренесен во наредната година и Други временски разграничувања

| Опис | 31 декември 2018 (тековна година) | 31 декември 2017 (претходна година) |
|---|---|---|
| Дел од вишокот на приходи пренесен во наредната година | 6,698,119 | 8,651,990 |
| Други пасивни временски разграничувања | 33,694,253 | 106,664,001 |
| | **40,392,372** | **115,315,991** |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЈА КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**ЗАВРШНАТА СМЕТКА - ОРГАН НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ЗА 2018 ГОДИНА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

## ПРИХОДИ

**Трансфери од други нивоа на власт**

Во Билансот на приходи и расходи на Органот на Општина Кавадарци во 2018 година се искажани приходи во износ од 271.840.781 денари (2017 – 203.827.383 илјади денари/претходна година), кои претставуваат трансферирани средства од Буџетот на Општината за финансирање на: платите на вработените во општинската администрација, надоместоците на членовите на Советот на Општината, набавката на стоки и услуги, разни трансфери, социјални бенефиции, за капитални расходи за комунална изградба,комунални дејности и и за урбанистичко планирање и уредување на просторот.

## ТЕКОВНИ РАСХОДИ

**Плати и надоместоци**

Средствата за плати и надоместоци се обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци, согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите (Закон за исплата на платите во РСМ., Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РСМ. и другите избрани и именувани лица во Републиката, Закон за државните службеници, Закон за работните односи, итн.) и тоа по следните основи:

| Опис | Дотирано во Буџет 2018 (тековна година) | Извршено 2018 (тековна година) | Извршено 2017 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Основни плати | 32,838,282 | 32,838,282 | 27,431,557 |
| Придонеси за социјално осигурување | 12,020,492 | 12,020,492 | 9,748,069 |
| Надоместоци | 4,747,762 | 4,747,762 | 4,024,281 |
| | **49,606,536** | **49,606,536** | **41,203,907** |

Средствата исплатени за плати и надоместоци се однесуваат на:

- Основни плати на градоначалникот, државните службеници и други вработени во општинската администрација;
- Надоместоци на членовите на советот (присуство на седници);
- Персонален данок на доход од плата, и
- Придонеси од плати за социјално осигурување кое ги содржи придонесите за Пензискиот фонд, Фондот за здравство, Агенцијата за вработување и останати придонеси од плати.

**Резерви и недефинирани расходи**

Од издвоените средства за тековна резерва во Буџетот на Општина Кавадарци, во 2018 година се извршени 15,000 денари .

**Стоки и други услуги**

Средствата исплатени за стоки и други услуги се обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци во износ од 57.318.909 ден и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: хранарина (дневници), патни расходи, сместување и споредните расходи за време на службен пат во земјата и странство
- комунални услуги, кои опфаќаат: струја, вода и канализација и други комунални услуги
- расходи за затоплување, кои опфаќаат набавка на течни горива за затоплување;
- расходи за комуникација и транспорт кои опфаќаат: пошта, телефон и телефакс, горива и мазива, гуми внатрешни и надворешни и резервните делови;
- материјали, кои опфаќаат: расходи за канцелариски материјали, учебници, списанија, весници и други изданија, копирање, печатење и издавање, ленти, касети и друго за АОП, средства за одржување на хигиена, алати и ситен инвентар, пијалоци, други прехранбени продукти, униформи и работни облеки и обувки и други материјали;
- тековно одржување, кои опфаќаат: расходи за сервисирање на лесни возила и други возила, расходи за извршени тековни поправки на капиталните средства (основни средства), зградите, опремата, патиштата и другите видови капитални средства (поголемите поправки кои преставуваат расход за инвестиционо одружување не се искажуваат на ова конто);
- договорни услуги, кои опфаќаат: расходи за адвокатски и други правни услуги, надомест за платен промет и банкарска провизија, осигурување на моторни возила, членарини во домашни организации и други договорни услуги;
- други оперативни трошоци.

| Опис | Дотирано во Буџет 2018 (тековна година) | Извршено 2018 (тековна година) | Извршено 2017 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Патни и дневни трошоци | 730,364 | 730,364 | 686,422 |
| Комунални услуги, Греење, Комун.транспорт | 13,962,246 | 13,962,246 | 13,932,748 |
| Материјали и Ситен инвентар | 6,238,668 | 6,238,668 | 10,163,693 |
| Поправки и Тековно одржување | 16,230,323 | 16,230,323 | 14,770,676 |
| Договорни услуги | 6,027,244 | 6,027,244 | 3,696,000 |
| Други тековни расходи | 5,737,975 | 5,737,975 | 7,283,808 |
| Привремени вработувања | 8,392,089 | 8,392,089 | 1,914,080 |
| | **57,318,909** | **57,318,909** | **52,447,427** |

**Субвенции и трансфери**

Направените расходи во 2018 година во износ од 41.131.380 денари преку ставката субвенции и трансфери се однесуваат на трансфер на средства до здруженија на граѓани и фондации,до месни заедници , до невладини организации,до спортски клубови и сојузи и др.невладини организации

| Опис | Дотирано во Буџет 2018 (тековна година) | Извршено 2018 (тековна година) | Извршено 2017 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Трансфери до невладини организации | 11,798,921 | 11,798,921 | 9,606,486 |
| Разни трансфери | 29,332,459 | 29,332,459 | 20,280,031 |
| | **41,131,380** | **41,131,380** | **29,886,517** |

**Социјални бенифиции**

Преку позицијата социјални надоместоци се исплатени средства во износ од 3.246.081 денари по основ Социјални надоместоци за помош социјално загрозените семејства и еднократна парична помош на семејствата за новородено дете.

**Капитални расходи**

Капиталните расходи се реализирани во износ од 120.522.875 ден., а се наменети за набавка на постојани средства и за истите се обезбедени средства од Буџетот на општина Кавадарци согласно одредбите од Законот за буџетите, и тоа по следните основи:

- Купување на опрема и машини опфаќа трошоци за Купување на канцелариска опрема,информатичка и видео опрема,Опрема за греење и климатизација и друга опрема
- Градежни објекти опфаќа расходи за Подготовка на проекти за деловни објекти и реконструкција на истите
- Други градежни објекти опфаќа трошоци за Подготовка на проекти,Изградба и Реконструкција на улици и патишта,Изградба и реконструкција на прочистителни станици и колектори , Изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување , Изградба и реконструкција на други објекти и Надзор над изградбата
- Вложувања и нефинансиски средства опфаќа трошоци за Експропријација на одземен имот.
- Купување на возила опфаќа трошоци за купување на моторни возила.

| Опис | Дотирано во Буџет 2018 (тековна година) | Извршено 2018 (тековна година) | Извршено 2017 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Купување на опрема и машини | 6,814,051 | 6,814,051 | 4,291,764 |
| Градежни објекти | 131,160 | 131,160 | - |
| Други градежни објекти | 102,680,300 | 102,680,300 | 67,670,978 |
| Купување на мебел | - | - | |
| Вложувања и нефинансиски средства | 8,347,365 | 8,347,365 | 6,967,562 |
| Купување на возила | 2,549,999 | 2,549,999 | |
| | **120,522,875** | **120,522,875** | **78,930,304** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**АКТИВА**

**ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА**
**Нематерјали средства**

Нематерјалните средства во Општина Кавадарци се евидентирани по книговодствена вредност од 7.471.298 ден и се однесуваат на Набавен софтвер за патен сообраќај и инспекција.Канцелариско и архивско работење и компјутерски лиценециран софтвер.

**Матерјални добра и природни богатства**

Матерјалните добра и природните богатства во Општина Кавадарци се на износ од 137.890.264 ден а се однесуваат на Земјиште сопственост на Општина Кавадарци во износ од 1.839.233 ден и Градежно земјиште покрај објекти во износ од 136.051.031 ден. На овие средства не се пресметува амортизација.

**Материјални средства**

Материјалните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи пропишани со Номенклатурата на средствата за амортизација се додека вредноста на средствата не биде во целост надоместена.

Стапките на амортизација на материјалните средства се дадени во следната табела:

| ОПИС | **Применети стапки во 2018** |
|---|---|
| Згради и други Градежни објекти од бетон | 1 % |
| Останати градежни објекти | 10 % |
| Згради и останати градби од метал | 3 % |
| Згради и останати градби од дрво и др.матерјал | 4 % |
| Горни слоеви на улици патишта,плоштади | 3 % |
| Автобуси и Патнички автомобили | 15 % |
| Џупови и комби возила | 25 % |
| Специјален и универзален алат и опрема-Електронски | 20 % |
| Специјален и универзален алат и опрема-Останати | 12 % |
| Клима уреди и опрема за вентилација | 16 % |
| Парни котли,печки и опрема за затоплување | 12 % |
| Канцелариски мебел од дрво | 12 % |
| Канцелариски мебел-останато | 10 % |
| Канцелариска опрема –Компјутери | 20 % |
| Опрема за снимање и умножување-Принтери | 20 % |
| Сефови и Каси | 16 % |
| Диктафон,Музичка опрема,ТВ ,Тел.Централи,Телефони | 14 % |
| Останата Опрема | 10 % |
| Противпожарни Возила | 15 % |
| Опрема и прибор за ПП заштита | 12 % |
| Останата ПП опрема | 14 % |
| Софтвер | 20 % |

Состојбата и промените на материјалните средства во 2018 година се прикажани аналитички по групи во табелата во продолжение на Образложенијата на овој извештај.

| Опис | Градежни објекти | Постројки и опрема | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Набавна вредност:** | | | |
| **Состојба на 01.01.2018:** | **670,590,900** | **91,676,451** | **762,267,351** |
| Набавки во текот на годината | 775,074,109 | 18,911,210 | **793,985,319** |
| **Вкупни зголемувања:** | **775,074,109** | **18,911,210** | **793,985,319** |
| Расходување | 0 | 5,061,028 | **5,061,028** |
| **Вкупно намалување:** | **0** | **5,061,028** | **5,061,028** |
| **Состојба на 31.12.2018** | **1,445,665,009** | **105,526,633** | **1,551,191,642** |
| **Исправка на вредност:** | | | |
| **Состојба на 01.01.2018:** | **17,301,987** | **37,822,367** | 55,124,354 |
| Амортизација за тековна година | 62,209,060 | 12,042,399 | 74,251,459 |
| Расходи и отуѓување | | 5,061,028 | 5,061,028 |
| **Состојба на 31.12.2018** | **79,511,047** | **44,803,738** | **124,314,785** |
| **Неотпишана вредност на 31.12.2018** | **1,366,153,962** | **60,722,895** | **1,426,876,857** |
| **Неотпишана вредност на 31.12.2017:** | **653,288,913** | **53,854,084** | **707,142,997** |

**Матерјални средства во подготовка**

Матерјалните средства во подготовка се проценети на износ од 0,00 ден и се однесуваат на објекти кои се во тек на изградба или за истите е потребен технички прием за да бидат ставени во употреба.Овие средства се евидентираат по набавна вредност и на истите не се пресметува Амортизација до моментот на нивно ставање во употреба.

**Побарувања од вработени**

Побарувања од вработени се проценети на износ од 29.692 ден а се однесуваат на побарувања од вработените за патарини и даден аванс.

**Активни временски разграничувања**

Активните временски разграничувања се однесуваат на неизмирените обврски спрема добавувачите за пристигнати фактури/времени ситуации за месец декември 2018 година, во вкупен износ од 36.707.588 илјади денари

**Матрејали,резервни делови и ситен инвентар**

Залихите на матерјали се однесуваат на Залихи на Канцелариски матерјал,залихи на тонери и кертриџи и Залихи на електроматерјали со состојба на 31.12.2018 година во Вкупен износ од 1.821.779 ден

**ПАСИВА**

**Краткорочни обврски спрема добавувачи во земјата**

Оваа позиција е проценета во износ од 32.363.683 денари во 2018 година и се однесуваат на следните обврски;

- Обврски кон добавувачите во земјата износ од 31.745.840 ден.
- Обврски спрема вработените износ од 617.843 ден.
- Обврски за плати и други надоместоци износ од 4.343.905 ден

**Пасивни временски разграничувања**

Пасивни временски разграничувања се книговодствено пресметковна категорија и истите се проценети на износ од 29.692 ден

**Извори на капитални средства**

Капиталот/изворите на средствата ги опфаќаат изворите на капиталните средства и тоа сегашната вредноста на Градежните објекти и Опремата сопственост на Општина Кавадарци како и вредноста на останат капитал односно Злихите на матерјали

Капиталот/Изворите на средства за 2018 година е проценета според сегашната-номинална вредност во вкупен износ од 1.575.495.498 денари и се состојат од:

**1.Државен-Јавен капитал во износ од 1.573.673.719 ден** и тоа:

- Нематерјални издатоци во износ од 7,471,298 ден
- Матерјални добра и природни богатства износ од 137,890,264 ден
- Матерјални средства во износ од 1.428.312.157 ден кои се состојат од Градежни објекти во номинален износ од 1.445.965.009 ден ,Опрема во износ од 105.526.633 ден. и Други матерјални средства во износ од 1.135.300 ден

**2.Останат капитал во износ од 1.821.779 ден**

-Залихи на матерјали во износ од 1.821.779 ден

**Вонбилансна Актива и Пасива**

Вонбилансната евиденција на Активата и Пасивата се состои од вредноста на Водоводна,Атмосферска и канализациона мрежа во Општината изградена од Општина Кавадарци во износ од 150.225.281 ден.

# ДЕЛ ВТОРИ

## *Извештај за реализација на наменските,блок дотации,самофинансирачките активности и средства од основниот општински буџет за делегирани надлежности на Општините*

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАМЕНСКИ, БЛОК ДОТАЦИИ, САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ И СРЕДСТВА ОД ОСНОВНИОТ ОПШТИНСКИ БУЏЕТ ЗА ДЕЛЕГИРАНИ НАДЛЕЖНОСТИ**

**БЛОК ДОТАЦИИ** во приходниот дел се реализирани во износ од 374.516.391,00 ден. а во расходниот дел во износ од 342.855.120,00 ден. Нереализираните средства во износ од 31.661.271,00 ден. се пренесуват како вишок на приходи во наредната година. Реализацијата на наменските средства е преку соодветните програм кои се финансираат од овие средства и тоа:

**1.Програма В1-Детска градинка**

**Блок дотации**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 50.323.462,00 денари од кои 42.330.996,00 денари се Блок дотации додека 7.992.466,00 денари се пренесен вишок од претходна година. Расходниот дел е реализирана во износ од 39.110.461,00 денари. Нереализираните средства во износ од 11.213.001,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 23.118.525,00 ден.
- Придонеси од плати во износ од 8.554.534,00 ден.
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 1.700.000,00 ден.
- Поправка и тековно одржување во износ од 2.336.813,00 ден.
- Договорни услуги во износ од 485.000,00,00 ден.
- Купување на опрема и машини во износ од 1.009.511,00 ден. и
- Купување на мебел во износ од 905.488,00 ден.

Детската градинка „Рада Поцева“ својата дејност – Згрижување на деца од предшколска возраст – ја обавува во пет објекти во кои се згрижени вкупно 1.089 деца. Вкупниот број на вработени лица изнесува 144 лица од кои 119 лица се на неопределено време во редовен работен, 4 лица со договор на дело додека 21 лице се ангажирани со договор за привремено вработување.

**Самофинансирачки активности**

Детската градинка покрај Блок дотациите располага и со сопствени приходи кои во 2018 година се реализирани во износ од 15.678.975,00 денари, а во расходниот дел реализиран е износ од 12.606.030,00 денари. Нереализираните средства во износ од 3.072.945,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредна година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Патни и дневни расходи во износ од 120.460,00 денари,
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспортни услуги во износ од 1.516.735,00 денари,

- Материјали и ситен инвентар во износ од 8.936.963,00 денари,
- Поправка и тековно одржување во износ од 734.118,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 688.866,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 211.671,00 денари,
- Купување на опрема и машини во износ од 186.987,00 денари и
- Купување на мебел во износ од 210.230,00 денари.

**2.Програма К1-Култура-Библиотекарство**

**Блок дотации**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 3.936.232,00 денари од кои 3.560.750,00 денари се Блок дотации додека 375.482,00 денари се средства од Пренесен вишок од претходна година. Расходниот дел е реализирана во износ од 3.223.642,00 денари. Нереализираните средства во износ од 712.590,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 2.099.716,00 денари,
- Придонеси од плати во износ од 776.622,00 денари,
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 269.108,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 20.992,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 10.000,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 31.500,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 4.464,00 денари и
- Вложувања и нефинансиски средства во износ од 11.240,00 денари.

Библиотека “ Феткин” својата дејност ја обавува преку членување на 2.560 членови-читатели. Вкупниот број на вработени лица изнесува 9 лица а располага со книжен фонд од 95.000 библиотечни единици.

**Самофинансирачки активности**

Библиотека “Феткин” покрај Блок дотациите располага и со сопствени приходи кои во 2018 година се реализирани во износ од 428.111,00 денари, а во расходниот дел реализиран е износ од 282.035,00 денари. Нереализираните средства во износ од 146.076,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година .

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Патни и дневни расходи во износ од 20.500,00 денари,

- Комунални услуги,греење,комуникација и транспортни услуги во износ од 82.835,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 43.360,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 3.112,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 62.783,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 48.097,00 денари,
- Купување на опрема и машини во износ од 4.860,00 денари и
- Вложувања и нефинансиски средства во износ од 16.488,00 денари.

**Буџетски средства**

За финансирање на дејноста на Библиотека „Феткин" свое учество има и Основниот Општински буџет во износ од 816.513,00 денари. Овие средства се потрошени дел за покривање на недостатокот на финансиски средства што се јавува кај Блок дотациите.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени на следниве ставки:

- Комунални услуги во износ од 57.902,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 124.566,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 84.314,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 149.180,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 55.138,00 денари,
- Купување на опрема и машини во озноc од 257.687,00 денари и
- Вложувања и нефинансиски средства во износ од 87.726,00 денари.

**3.Програма К2-Култура-Дом на култура**

**Блок дотации**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 4.400.405,00 денари од кои 3.784.267,00 денари се Блок дотации додека 616.138,00 денари се средства од Пренесен вишок од претходна година. Расходниот дел е реализирана во износ од 4.058.779,00 денари. Нереализираните средства во износ од 341.626,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 2.549.432,00 денари,
- Придонеси од плати во износ од 948.097,00 денари,
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 346.605,00 денари и
- Договорни услуги во износ од 214.645,00 денари.

Домот на културата „Иван Мазов-Климе“ својата дејност ја обавува преку организирање на повеќе културни настани во текот на годината. Вкупниот број на вработени лица изнесува вкупно 11 редовно вработени лица и 4 лица ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

**Самофинансирачки активности**

Домот на културата „Иван Мазов-Климе“ покрај Блок дотациите располага и со сопствени приходи кои во 2018 година се реализирани во износ од 1.820.600,00 денари, а во расходниот дел реализиран е износ од 988.179,00 денари. Нереализираните средства во износ од 832.421,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година .

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Патни и дневни расходи во износ од 26.377,00 денари,
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 62.154,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 163.810,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 12.420,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 447.148,00 денари и
- Други тековни расходи во износ од 276.270,00 денари.

**Буџетски средства**

За финансирање на дејноста на Домот на културата „Иван Мазов-Климе“ свое учество има и Основниот Општински буџет во износ од 2.670.502,00 денари. Овие средства се потрошени за покривање на недостатокот на финансиски средства што се јавува кај Блок дотациите.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени на следниве ставки:

- Патни и дневни расходи во износ од 79.918,00 денари,
- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 477.314,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 320.696,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 6.658,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 680.119,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 405.870,00 денари и
- Привремени вработувања во износ од 699.927,00 денари.

**4.Програма К3-Култура-Музеј галерија**

**Блок дотации**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 3.826.355,00 денари од кои 3.504.000,00 денари се Блок дотации додека 322.355,00 денари се средства од Пренесен вишок од претходна година. Расходниот дел е реализирана во износ од 2.929.837,00 денари. Нереализираните средства во износ од 896.518,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 1.889.928,00 денари,
- Придонеси од плати во износ од 699.944,00 денари,
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 216.703,00денари,
- Договорни услуги во износ од 42.412,00 денари и
- Разни трансфери во износ од 80.850,00 денари.

Музеј галеријата својата дејност ја обавува преку организирање на повеќе културни настани од областа на ликовната уметност во текот на годината. Бројот на вработени во оваа институција изнесува вкупно 9 лица од кои 7 редовно вработени лица и 2 привремено ангажирани лица.

**Буџетски средства**

За финансирање на дејноста на Музеј галеријата свое учество има и Основниот Општински буџет во износ од 741.394,00 денари. Овие средства се потрошени за покривање на недостатокот на средсва што се јавува во Блок дотациите, авторски хонорари, печатење на книги, исплата на плати за дел од привремено вработените лица и дел од средствата се потрошени за обновување на информатичката опрема во Музеј Галеријата.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени на следниве ставки:

- Патни и дневни расходи во износ од 1.400,00 денари,
- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт износ од 59.752,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 125.872,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 144.630,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 31.904,00 денари,
- Привремени вработувања во износ од 280.356,00 денари,
- Разни трансфери во износ од 9.545,00 денари и
- Купување на опрема и машини во износ од 87.935,00 денари.

**5.Програма Н1-Основно образование**

**Блок дотации**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 211.036.663,00 денари од кои 197.250.000,00 денари се Блок дотации додека 13.786.663,00 денари се средства од Пренесен вишок од претходна година. Расходниот дел е реализирана во износ од 196.510.252,00 денари. Нереализираните средства во износ од 14.526.411,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 115.696.556,00 денари,
- Придонеси од плати во износ од 42.777.138,00 денари,
- Патни и дневни расходи во износ од 151.412,00 денари,
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 13.148.279,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 2.935.126,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 5.868.769,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 4.542.531,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 755.169,00 денари,
- Разни трансфери во износ од 539.990,00 денари,
- Купување на опрема и машини во износ од 2.635.367,00 денари,
- Други градежни објекти во износ од 6.979.480,00 денари ,
- Купување на мебел во износ од 435.764,00,00 денари и
- Вложување и нефинансиски средства во износ од 44.671,00 денари.

Дејноста Основно образование се остварува преку шест основни општински училишта и едно музичко-балетско училиште каде што воспитно образовниот процес се реализира преку 447 вработени лица, педагози, психолози, дефектолози и друг помошен персонал.

**Самофинансирачки активности**

Основното образование покрај Блок дотациите располага и со сопствени приходи, кои во 2018 година се реализирани во износ од 1.679.118,00 денари, а во расходниот дел реализиран е износ од 1.417.279,00 денари. Нереализираните средства во износ од 261.839,00 денари се пренесуваат како вишокот на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Патни и дневни расходи во износ од 39.506,00 денари,
- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 34.693,00 денари,

- Материјали и ситен инвентар во износ од 553.270,00 денари,

- Поправки и тековно одржување во износ од 218.226,00 денари,

- Договорни услуги во износ од 233.194,00 денари,

- Други тековни расходи во износ од 127.050,00 денари,

- Купување на опрема и машини во износ од 81.690,00 денари и

- Вложувања и нефинансиски средства во износ од 20.000,00 денари.

**Буџетски средства**

Во финансирањето на Основните Општински Училишта свое учество има и Основниот Општински Буџет и тоа со средства во износ од 909.294,00 денари.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени на следниве ставки:

- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 30.000,00 денари,

- Привремени вработувања во износ од 639.294,00 денари и

- Купување на мебел во износ од 240.000,00 денари.

**Донации**

Основното образование располага и со приходи од донации. Овие средства се добиени од Национална агенција – Еразмус и истите се искористени за усовршување на наставниот кадар на основните училишта во странство. Во 2018 година вкупниот приход по основ на донации изнесува 13.861.424,00 денари. Износот во расходниот дел изнесува 2.401.172,00 денари. Нереализираните средства во износ од 11.460.252,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година. Овие средства се искористени од страна на наставниот кадар на ООУ Гоце Делчев за организирање на студиски патувања во Романија , Исланд и Тенерифе, Шпанија, Франција , Италија, Португалија и Литванија.

**6.Програма Н2-Средно образование**

**Блок дотации**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 93.929.437,00 денари од кои 89.370.000,00 денари се Блок дотации додека 4.559.437,00 денари се средства од Пренесен вишок од претходна година. Расходниот дел е реализирана во износ од 89.958.312,00 денари. Нереализираните средства во износ од 3.971.125,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 51.617.941,00 денари,

- Придонеси од плати во износ од 19.098.718,00 денари,

- Патни и дневни расходи во износ од 121.611,00 денари,

- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 6.589.583,00 денари,

- Материјали и ситен инвентар во износ од 943.307,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 1.424.342,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 6.049.699,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 399.310,00 денари,
- Привремени вработувања во износ од 137.207,00 денари
- Други градежни објекти во износ од 3.376.594,00 денари и
- Купување на мебел во износ од 200.000,00 денари.

Дејноста Средно образование се остварува преку три средни општински училишта каде што воспитно образовниот процес се реализира преку 184 вработени лица, педагози и помошен персонал.

**Самофинансирачки активности**

Средното образование покрај Блок дотациите располага и со сопствени приходи, кои во 2018 година се реализирани во износ од 5.443.204,00 денари, а во расходниот дел реализиран е износ од 5.906.180,00 денари. Вишокот на расходи во износ од 462.976,00 денари се покрива со вишокот на приходи пренесени од 2017 година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Патни и дневни расходи во износ од 71.812,00 денари,
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 270.012,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 582.407,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 445.109,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 3.402.553,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 656.666,00 денари,
- Купување на опрема и машини во износ од 443.231,00 денари и
- Вложувања и нефинансиски средства во износ од 34.390,00 денари.

**Буџетски средства**

Во финансирањето на Средните Општински Училишта свое учество има и Основниот Општински Буџет и тоа со средства во износ од 1.085.545,00 денари.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени на следниве ставки:

- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 933.370,00 денари,
- Поправка и тековно одржување во износ од 95.242,00 денари и
- Привремени вработувања во износ од 56.933,00 денари.

Со средствата обезбедени од Основниот Општински Буџет средните општински училишта го покриваат недостатокот на средства што се јавува кај Блок Дотациите и тоа во делот на нафта за греење на училиштата, обезбедување на објектите и привремени вработувања.

**Донации**

Средното образование располага и со приходи од донации. Овие средства се добиени од Национална агенција – Еразмус и истите се искористени за усовршување на наставниот кадар на средните училишта во странство. Во 2018 година вкупниот приход по основ на донации изнесува 1.055.597,00 денари додека износот во расходниот дел изнесува 1.792.283,00 денари. Вишокот на средства што се јавува во расходниот дел во износ од 736.686,00 денари се покриваат со вишокот на приходи пренесен од претходна година. Овие средства се искористени од страна на наставниот кадар и група на ученици од СОЗШУ Ѓорче Петров за организирање на студиско патување во Бугарија. Дел од овие средства се искористени и од страна на наставниот кадар и група ученици од Гимназијата Добри Даскалов за студиски патувања.

**7.Програма Ј0 – Противпожарна заштита**

**Наменска дотација**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 7.063.837,00 денари добиени средства, а во расходниот дел е реализиран истиот износ.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 4.933.114,00 денари и
- Придонеси од плати во износ од 2.130.723,00 денари.

**Буџетски средства**

Во финансирањето на Единицата за противпожарна заштита свое учество има и Основниот Општински Буџет и тоа со средства во износ од 2.575.569,00 денари.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени на следниве ставки:

- Основни плати во износ од 595.037,00 денари,
- Придонеси за социјално осигурување во износ од 257.749,00 денари,
- Надоместоци во износ од 374.400,00 денари,
- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 34.566,00 денари,
- Материјал и ситен инвентар во износ од 478.166,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 195.462,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 16.924,00 денари и
- Купување на опрема и машини во износ од 623.265,00 денари.

# ДЕЛ ТРЕТИ

## ***Извештај за реализација на Програмски активности по одделните Сектори***

# ИЗВЕШТАЈ
## за реализирани програмски активности
### во културата за 2018 година

Општина Кавадарци - Локална самоуправа активно учествува во создавањето и збогатувањето на културниот живот на грѓаните ,градењето на културните вредности и континуирана поддршка на културните институции, уметници и творци во културното претставување и изразување. Програмските активности во 2018 година беа раководени од принципот на достапност до културните вредности, остварување на културните права на сите граѓани, со цел публиката, меѓу младите читатели, поситителите на претстави, концерти, изложби да се родат идните писатели , актери, музичари, сликари.

Голема заложба на Локалната самоуправа заедно со културните институции беа предложените програми со кои се обезбеди континуираност на културниот живот во градот, достапност и културни вредности на граѓаните, интеграција на бизнис секторот во градот во функција на културата, меѓународната културна размена поврзување и продлабочување на културниот дијалог со збратимените и пријателски градови.

Културните активности беа многубројни и пред граѓаните беа пласирани уште на самиот почеток на годината.

Локалната самоуправа заедно со културните институции од градот на традиционален начин и со обичаи својствени на празнувањето на Коледе беше одбележан овој верски празник каде што многу и од граѓаните го прославија овој голем христијански празник со традицијата и обичаите од Тиквешкиот регион.

Божиќен концерт во изведба на ученици на ООМБУ „Лазо Мицев Рале„ од Кавадарци се одржа во салата при Домот на културата каде млади и талентирани ученици од ова училиште се претставија пред многубројната публика со дела од познати музички имиња.

Во рамките на традиционалното одбележување се одржа Годишен концерт на Фолклорниот ансамбал „Тиквеш„ кој што претставува амбасадор на нашиот град со презентирање на ора од нашето подрачје и пошироко а кој со својата професионалност и со финансиска поддршка од Локалната самоуправа гостуваа во многу збратимени и пријателски градови на Кавадарци.

Годишниот концерт со преполнета сала од граѓаните на Кавадарци се одржа во Салата на Дом на култура Кавадарци.

Општина Кавадарци и оваа година распиша Конкурс за давање на надлежност на правно лице за реализирање на програмата за култура на кој конкурс се јави само правното лице ИНОВАТИВА Груп ДОО Скопје.За секоја манифестациј од нивна страна беше доставен Извештај како наративен исто така и финансиски и доставен до Советот на општина Кавадарци и позитивно прифатен.

Општина Кавадарци и оваа година ја продолжи традицијата на одбележување на 14 –ти феврури –„Св.Трифун„ празникот на лозарите и винарите од Тиквешијата. Локалната самоуправа направи подготовки за одбележување на празникот. Во делот на поканувањето на гости на манифестацијата беа испратени званични покани до сите државни органи во Републиката, меѓународни фондации и агенции, амбасади советници, пратеници, винарии и фирми од Кавадарци.

Најпрво званичните гости беа примени во кабинетот на Градоначалникот за потоа сите заедно беа присутни на Градскиот плоштад каде на симболичен начин беше претставувано од страна на актери од Домот на културата Кавадарци традиционалното закројување со драматургија, по што следуваше закројување од

страна на Градоначалникот и присутните гости. Потоа сите присутни беа во обиколка на штандовите на винариите и тоа ВВ„Тиквеш„, Винарија„Стоби„ и индивидуални и мали винари „Ерос„ „Пеца комерц„ како и штандот на Вешти жени од Кавадарци на кој беше изложена храна подготвена од вештите раце на здружението со традиционална храна од Тиквешијата. Званичното закројување  Градоначалникот со сите гости го извршија во Црковниот Храм „Св.Димитрија „ заедно со свештените лица.

На Градскиот плоштад за сите поситители беше организирана културно забавна програма на која настапи музичка група од Кавадарци, фолклорен ансанбал„Тиквеш„.
Оваа година манифестацијата „Св.Трифун„ ја посетија претставници од Амбасади и фондации со која Грдоначалникот оствари средби.
Kulturnite institucii so podr{ka na Lokalnata samouprava organiziraa mnogubrojni izlo`bi театарски претставки ликовни колонии и др,dostapni na gra|anite na Kavadarci.

Изложба на Лазар Дојчинов, ликовен уметник од Кавадарци. На изложбата Дојчинов се претстави со околу 40-сетина акварели и масло на платно со тематика на винова лоза и вино. Изложбата е по повод 14 февруари денот на лозарите.

Меѓународниот ден на жената 8 март беше одбележан на достоинствен и културен начин , на кој Домот на културата „Иван мазов-Климе ,Кавадарци во чест на жената организира концерт со уцество на музички Бенд а Музеј галеријата Кавадарци организира изложба на слики со тематика на цвеке и цветни аранжмани.

Низ целета 2018 година културните институции од градот под Покровителство на Градоначалникот и Советот на општина Кавадарци ги релизираа Годишните програми со што се придонесе културниот живот во нашиот град да достигне едно високо културно ниво а со тоа на граѓаните да им биде пласирано традиционалното културно творештво на нашата земја и да ги запоанае младите генерации со културните вредности.

Една од културните манифестаци во која на едно место и во исто време можеше да се види и да се пласира дел од традицијата обичате и културата беше културно стопанската манифестација „Тиквешки гроздобер 2018„ Манифестацијата се состоеше од повеке сегменти поделени на различни места со изобилство на културни настани.На Градскиот плоштад беа претставени винарии каде секој посетител можеше да дегустира од богатото изибилство на разни вкусови од вино и храна.

Во малото паркче спроти полицијата изобилуваше со традиционална храна и македонска музика. Се одржаа многу спортски натпревари ,натпревар во шах и др.

Еден  од најатрактиниот настан на манифестацијата беше и карневалското дефиле кое изобилуваше со фантазии, и многу вградени приказни и околу 1000 учесници а многубројната публика беше одушевена.

Исто така градот Кавадарци може да се пофали со културната манифестација Културна есен на која беа пласирани многубројни изложби, театри ,промоци  на книги,во организација на Дом на култура „Иван Мазов – Климе, Музеј галерија Кавадарци и Библиотека „Феткин.

На крајот од годината која беше исполнета со многу културни манифестации Локалната самоуправа со културните институции го организира на свечен и спектакуларен дочек на Новата година.

**И З В Е Ш Т А Ј**
**аа активностите на Општина Кавадарци во областа на здравстена заштита за 2018 година**

Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравстена заштита за 2018 година за згрижување на граѓаните во Општината се насочени кон потикнување, подржување и помагање на здравстените институции за остварување на целите на Програмата.

Програмата е димензионирана на 860.000,00 денари. Активностите во областа на здравстена заштита утврдени со оваа програма се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година.

Средствата во програмата се распределени на:

- Ординации селски - Возарци
- Ординации селски - Сопот
- Финансирање на здравстени институции – ЈЗО Здравстен дом Кавадарци

Во делот на здравстена заштита извршени се редовни здравстени прегледи во селските ординации и заштита на истите според потребите од истите.

На ординации селски – Возарци за здравстената заштита одобрени се финансиски средства од 180.000,00 денари, на селската ординација – Сопот за здравстена заштита се одобрени 180.000,00 денари, за здравстената институција – ЈЗО Здравстен дом Кавадарци одобрени се 500.000.00 денари.

Во 2018 година процентот на реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравстена заштита е реализирана во целост, од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година по програма 11.

Изготвил Јанинка Левова

**И З В Е Ш Т А Ј**
**аа активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2018 година**

Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2018 година, е димензионирана на 4.000.000,00 денари. Активностите во областа на социјална заштита утврдени со оваа програма се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година. Во текот на календарската година претрпе една измена и дополмнување која се однесува ресоцијализација на деца во група со аутизам.

Средствата во програмата се распределени на:

- Помош на социјално загрозени семејства
- Помош на семејства погодени од елементарни непогоди (пожар, поплава)
- Помош за семејства за лекување

- Помош на поедниници од областа на култура
- Помош на семејства од семејно насилство
- Информирање на социјално загрозени семејства на правата и овбрските
- Новородени деца во 2018 година
- Колички за хендикепирани лица
- Ресоцијализација на деца во група со аутизам

Финансиската помош на жителите во Општина Кавадарци за 2018 година е реализирана во целост која се должи на фактот што навреме и континуирано се исплатуваа финансиските средтва според одредбите на Програмата и Правилникот за условите, критериумите и постапката за додолеување на еднокртана парична пмош на физички лица.

Во соработка со Агенцијата за вработување Кавадарци Општината имплементира проект "Општинско корисна работа" за помош за стари изнемоштени лицса и лица со оштетен вид. Програмата Општинско корисна работа има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица, нивно ангажирање на определено скратено време, заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазарот на труд.

Единиците на локална самоуправа Кавадарци како одговорен субјект во целост ги спроведува законските одредби и постапува согласно роковите и насоките за реализација на сите произлезени обврски за воспоставување еднакви можности и еднаков третман на жените и мажите во сите свери на општественото живеење во Општина Кавадарци. Во континуитет ги следи сите актуелни сосотјби, законски измени и дополувања, иницира акции и ги имплементира работните обврски.

Во 2018 година процентот на реализација на програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална парична помош по програма АО изнесува 3.246.081 денари или во проценти 95.47 %, по основ на здравсто извршувањето по програма 11 изнесува 270.000,00 денари или во проценти 75 %. Останатите финансиски средства од 90.000,00 денари ќе се реализираат во текот на 2019 година.

Изготвил Јанинка Левова

**Извештај**
**За Реализацијата на Програмата за ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ за 2018година**

Вовед

Секторот за Локален Економски Развој (ЛЕР) своите активности ги извршуваше согласно програмските цели, утврдени во Програмата за Локален економски развој за 2018 година усвоена од страна на Советот на општина Кавадарци на Седницата која се одржа 20.12.2017,и согласно направените измени на програмата, како и надлежностите на општините дадени со Законот за локална самоуправа од 2002 година.

Сите програмски активности беа усогласени соСтратегијата за иновации на Р. Македонија 2012- 2020, Стратешкиот документ за помош на земјата од ЕУ за периодот 2014-2020, Националната Стратегија заземјоделство и рурален Развој за 2014-2020, Програма за развој на Вардарски плански регион, Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на Р.Македонија за периодот 2010 – 2020.

Програмата за развој за 2018 година воглавно беше ориентирана кон зголемување на буџетските приходи од донации од домашниинституции, меѓународни агенции и фондации, како и кон ефикасно искористување на претпристапните фондови од ИПА Програмата.

Реализацијата на оваа Програма обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој го подобри нивото на животниот стандард на жителите на општина Кавадарци.

**Реализација на проект по пат на задолжување во МСИП 2**

Проектот ,,Реконструкција на коловоз на улици и булевари во населено место Кавадарци – ул.Цано Поп Ристов, Пано Мударов, Едвард Кардељ, Моша Пијаде и Цветан Димов” е донесен како приоритетен проект на Општина Кавадарци, за аплицирање на проектотпообјавениотјавенповик МСИП 2- 01/2016 одстрананаМинистерствотозаФинансиинаРепубликаМакедонија.

Проектот опфаќа реконструкција на коловоз на следните улици и булевари:УЛ.ЦАНО ПОП РИСТОВ, ПАНО МУДАРОВ, МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ-ЈАСМИН, 7-МИ СЕПТЕМВРИ, СТРАШО ПИНЏУР, СЕВЕРЕН БУЛЕВАР, ЕДВАРД КАРДЕЉ, МОША ПИЈАДЕ И ЦВЕТАН ДИМОВ, со вкупна вредност од 50 767 886денари. Договорот со Министерството за финансии е потпишан во 2018 година. Реализацијата на проектот, ќе се одвива во 2019 година.

**Проект “Подобрување на патната инфраструктура во микро-регионот Росоман, Кавадарци, Неготино преку реконструкција на дел од Северен булевар во општина Кавадарци”.**

Целта на овој проект е реконструкција на коловозната конструкција од раскрсницата со Западен булевар до раскрсницата со бул.Никола Минчев. Северен булевар е сообраќајница која го поврзува северниот дел од градот со централното подрачје, а исто така овозможува поврзување на градот до државната патна мрежа. Со реализацијата на овој проект ќе се добие оптимално решение и поволни технички и техничко – експлоатациони карактеристики на предметната делница со што во иднина би се овозможил побезбеден и поекономичен сообраќај. Вкупната должина за реконструкција на коловозот изнесува 445 метри.Проектот се реализира од општина Кавадарци и Вардарскиот плански регион асо финансиска поддршка од страна на Бирото за регионален развој со вкупна вредност од 6 654 098 денари, а

општина Кавадарци учествуваше со сопствени средства во висина од 3 195 880 денари.

**Проект„РеЛОаД”- регионална програма за локална демократија во Западен Балкан**

- Општина Кавадарци во 2018 година започна со проектните активности по проектот РЕЛОАД кој што е наменет за зајакнување на капацитетите на невладините организации во општина Кавадарци,финансиски подржан од Европската Унија и имплементиран од страна на УНДП. Општина Кавадарци како пилот општина го спроведува во периодот 2018-2019 година, и планирано е да реализираат финансиски средства во висина од 120 000 евра, за кој што општината учествува со сопствени средства во восина од 24 000 евра или 20% Проектот е наменет да го зајакне партнерството помеѓу локалните власти и граѓанското општество во Западен Балкан. Проектот ќе овозможи да помогне на локалните власти на транспарентен начин, да ги финансира предлог проектите од невладините организации базиран според потребите на граѓаните. Во 2018 година, реализирани се финансиски средства во висина од 60 000 евра.

**Грант за успешност**

Општина Кавадаци успешно го реализираше проектот за подобрување на општинските услуги за реконструкција на ООУ Тоде Хаџи Тефов, СОУ ДОбри Даскалов, СОУ Ќиро Спанџов Брко. Согласно договорот за заем за проектот за подобрување на општинските услуги, по успешното имплементирање на проектот, општината доби дополнителни грант средства во износ од 3 084 000 денари за Реконструкција на ул.Тиквешко востание. Вкупната вредност на овој проект изнесува 4 486 324 денари. Општина Кавадарци учествува со сопствени финансиски средства во висина од 1 402 324 денари. Апликативната форма е одобрена во 2018 година, а ќе се реализира во 2019 година.

**Проект„ Општинско корисна работа”, финансиски поддржан од УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика**.

Проектот за општинско корисна работа е финансиски поддржан од програма на Обединетите нации –УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика. На територијата на општина Кавадарци се реализира во периодот од 1-ви Септември 2018 до 31-ви Март 2019 година. Времено се ангажирани 6 невработени лица, како негователи во период од 6 месеци, со работен ангажман од 20 работни часа неделно и надоместок од 9000 денари по лице,Општината го финансира делот за персонален данок на секое ангажирано лице и осигурување од повреда на работнои место. Ангажманот на лицата се состои од пружење елементарна помош и грижа за стари и изменоштени лица, и лица со оштетен вид на кои им е неопходна подршка и помош. Вкупната сума потребна за 6 месеци изнесува 324 000 денари.

**Локална солидарност - глобална солидарност – проект-вмрежување на градови**

Целта на проектот е да се воспостави долготрајна соработка со цел да се создадат и имплементираат нови политички алатки кои им овозможуваат на локалните заедници да имаат влијание врз глобалната и европската солидарност во време на институционална и хуманитарна криза.

Исходот од проектните активности ќе биде Мрежа на партнери солидна за дизајнирање, тестирање и дисеминација на упатства за нова политика - "Прирачник за солидарност 2020" корисна за лидерите на заедницата, политичарите и другите

релевантни засегнати страни, во концептот на европско државјанство. Висината на финансиските средства за 2018 и 2019 година се во износ од 140 000 денари.

**Изработка на урбанистички планови за населените места – с.Сопот, с.Марена, с.Возарци, с.Дреново**

Во текот на 2018 година, продолжи реализацијата на проектот за изработка на урбанистички планови за населените места – с.Сопот, с. Марена, с.Возарци и с.Дреново финансиран од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот развој. Со овој проект се опфаќа изработка на урбанистички планови во горенаведените четири села во подрачјето на општина Кавадарци. Со урбанизацијата се услогасуваат ново настанатите потреби на граѓаните кои живеат во овие села како и задоволувањето на потребите на стопанските субјекти согласно нивните развојни планови. Вкупната површина опфатена со урбанизацијата изнесува 275 хектари, односно 71 хектар за с.Возарци, 29 хектари за с. Дреново, 113 хектари за с.Марена и 62 хектара за с. Сопот. Износот на овој проект изнесува 7 710 120 денари со вклучен ддв, од кои општина Кавадарци учествува со 18% или 1 387 821 денари. Поради долгите административни процедури, се очекува проектот да заврши во 2019 година.

**Изработка на урбанистички планови за селата: Брушани, Ресава, Дабниште, Бегниште, Раец, Бојанчиште и Рожден**

Овој проект опфака изработка на урбанистички планови во овие седум населени места во подрачјето на Општина Кавадарци. Со урбанизацијата ќе се усогласат ново настанатите потреби на граѓаните кои живеат во овие населени места- села како и задоволувањето на потребите на стопанските субјекти согласно нивните развојни планови. Вкупната површина што ке биде опфатена во урбанизацијата изнесува 248,71 хектари, односно за населено место с.Брушани 85.28 хектари, с.Ресава со вкупна површина од 82 хектари, с.Дабниште со вкупна површина од 14.86 хектари, с.Бегниште со вкупна површина од 26,26 хектари, с.Раец со вкупна површина од 10,1 хектар, с.Бојанчиште со вкупна површина од 10,99 хектари и с.Рожден со вкупна површина од 19,22 хектари. Проектот е финансиран од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој, со вкупна вредност од 9 226 553 денари. Поради долгите административни процедури, се очекува проектот да заврши во 2019 година.

**Изработка на проектно-техничка документација за регулација и уредување на речно корито на р.Луда Мара со спортско-рекреативни содржини**

Изработката на проектно техничката документација за речното корито кое е предмет на релугација и уредување, се однесува на реката Луда мара која што започнува од градското подрачје и продолжува низ месноста Моклиште,с Ваташа и Кавадарци во должина од 5700 метри. Вкупната вредност на овој проект изнесува 1 596 540 денари, а општина Кавадарци учествува со сопствени финансиски средства во висина од 623 040 денари.

**Унапредување на менаџментот на заштитните зони финансирани од ЕУ а спроведени од УНДП – Заштитна зона Тиквеш**

Подобрување на управувањето со заштитените подрачја" има за цел да ја подобри заштитата на природата и да промовира одржливо користење на природните ресурси, а истовремено да ги зголеми капацитетите на локалните самоуправи и граѓански организации за управување и промовирање на заштитените подрачја на професионален и одржлив начин. Вкупната вредност на проектот изнесува 5 457 000 денари. Во текот на 2018 година, се набави соодветна опрема потребна за започнување на проектните активности. Остатокот од проектот ќе се реализаира во

2019 година. Буџетски проектот не е планиран бидејќи за набавките се одговорни од канцеларијата на УНДП.

**Изградба на дел од главен колектор за отпадни води на град Кавадарци до прочестителна станица**

Проектот за изградба на главниот колектор за отпадни во на град Кавадрци е аплициран во Министерството за животна средина, и реализиран во целот во 2018 година со вкупна вредност од 2 728 182 денари. Од страна на Министерството се доделени финансиски средства во видина од 800 000 денари, додека остатокот од 1 928 182 денари се сопствено учество на општина Кавадарци.

**Проект за Јавни работи – Поддршка на социјална категорија на граѓани**

Повикот за вклучување на невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктура и заштита на животна средина на локално ниво се одвиваше во текот на 2018 година, во кој беа вклучени 12 лица невработени лица за извршување на јавни работи. Вкупната сума за овој проект изнесува 106 000 денари.

**Проект за субвенционирање на мерки за топлинска ефикасност**

**-** Општина Кавадарци планира во 2018 година објави повик за субвенционирање на грејни тела, како воведување на мерки за заштеда на топлинска енергија при купување на грејни тела со голема енергетска ефикасност. Општина Кавадарци за овој проект издвои средства во висина од 3 000.000 денари од Буџет на општината, за што по двата повика се доделија вклупно 196 субвенции за грејни тела.

**Проект за субвенционирање за купување на велосипед**

- Општина Кавадарци со цел да ги стимулира граѓаните за користење на велосипеди, и да се даде поголем придонес во зачувување на животната средина и физичкото здравје на граѓаните ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства, за набавка на велосипед.

Општина Кавадарци за овој проект издвои средства во висина од 200.000 од Буџет на општината за 2018 годиназа што се доделија вклупно 58 субвенции за купување на велосипеди.

**Интегрирана програма за развој на Туризмот во општина Кавадарци**

Овој под-проект опфака повеќе активности кои ќе придонесат кон подобрувањето на туристичката понуда во општина Кавадарци . Со под-проектот се предвидува:

- Реконструкција на локален патот до Михајлово во должина од 6.3 км.
- Поставување на електронски туристички билборд во центарот на градот
- Поставување на три вински порти со атрибути на лозарство и винарство
- Поставување на 30 унифицирани дрвени патокази што ќе го покажуваат културниот потенцијал и историско наследство на Тиквешијата.
- Поставување на седум стандардизирани патокази на коридор 10 (гранични премини со Р.Грција и р.Србија) и на клучните излези од автопатот кон општина Кавадарци
- Поставување на 16 патокази за велосипедска патека Кавадарци-Мрежичко-Алшар во должина од 152км

- Мапирање и одбележување на планинарска патека Мушов гроб-Васов град-Мрежичко во должина од 15 км
- Поставување на 2 летниковци со клупи и место за пикник на велосипедската и планинарската патека, на места кај што има пристап до вода, со уредување на чешми.
- Дизајн и печатање на туристичко информативни материјали (брошури, лифлети),
- Организирање на промотивна велосипедска и планинарска тура
- Организација на гастрономска и сомелиерска обука

Под-проектот е аплициран по објавениот повик во рамките на проектот за локална и регионална конкурентвост во областа на туризмот.Вкупната проценета вредност на Проектот,, Интегрирана програма за развој на туризмот во општина Кавадарци,, изнесува 36 742 436 денари без ддв. Средствата во износ од 30 863 646 денари ќе се обезбедат од Проектот за Локална и Регионална Конкурентност финансиран од Европска Унија, а кофинансирањето на Општина Кавадарци е во висина од 5 878 790 денари, односно 16% од вкупниот буџет на под-проектот. Реализација на овој проект ќе започне во 2019 година.

**<u>Реконструкција на пристапен пат до земјоделско обработливо земјиште во општина Кавадарци, месност – Кошани – Бегниште</u>**

Во општина Кавадарци како најчести проблеми со кои се соочуваат земјоделците како резултат на немањето или лошата состојба на пристапните патишта до земјоделското обработливо земјиште се - забрзана амортизација на земјоделската механизација, неможност за пристап со возило или земјоделска механизација за обработка или изнесување на земјоделските производи. За таа цел општина Кавадарци преку Вардарскиот плански регион аплицира по Јавниот повик за земјоделие за уредување пристапни патишта до земјоделски обработливи површини, кој е планиран да се реализира во 2019 година. Со реконструкцијата на пристапниот пат во должина од 2200 метри ќе се олесни пристапот до земјоделското обработливо земјиште, а со тоа ќе ја подобриме состојбата на овие полски патишта, со што значително ќе се намалат горенаведените проблеми. Вкупната сума за реализација на овој проект изнесува 600 000 денари, и се обезбедени од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, а ќе се реализира во 2019 година.

**<u>Третман и подготовка на вода за пиење во Општина Кавадарци, Неготино и Росоман</u>**

Проектот има за цел решавање на проблемот со заматување на водата за пиење од водоводниот систем Лукар кое се јавува во време на поројни дождови за општините Кавадарци, Неготино и Росоман. Како повеќегодишен проект ќе се реализира во партнерство со Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Словенски центар за меѓународна соработка во висина од 3 920 000 евра. Општина Кавадарци ќе учествува со сопствени средства во проектот и тоа во висина од 200 000 евра за изградба на дел 800 метри од цевководот, а средства во висина од 175 000 евра ќе се обезбедат од трите општини.

**Банка за храна**
Овој проект е реализиран со здружението за банка за храна на РМ, ЗГ Еко живот од Кавадарци и локална самоуправа Кавадарци. Месечно се доделуваат 100 пакети во соработка со локалните фирми и производители на семејства со социјален статус.

## Изготвил Сашо Мошев

# И З В Е Ш Т А Ј
**за 2018 година**

Територијалната Противпожарна Единица на општина Кавадарци во текот на 2018 година има вработено 16 пожарникари. Со тоа ТППЕ Кавадарци ги исполнува условите според закон за Пожарникарство за минимален број на пожарникари кој изнесува (26 пожарникари) според број на жители.

ТППЕ Кавадарци покрива површина од 1113 км2, и е втора по големина на покриеност во Р.Македонија после Прилеп.

**Од возниот парк ТППЕ Кавадарци поседува:**

- FAP-13 од 1976 година со носивост од 8 000 литри вода
- VOLVO од 1993 година со носивост од 2 000 литри вода и опрема за техничка интервенција .
- DAF од 2010 година со носивост од 2 000 литри вода .
- Lada Niva од 1994 година (патничко возило).

***Возила набавени во 2018година.***

- MERCEDES камион од 1984година служи за специјална намена за гаснење на пожар и спасување на лица на високи објекти.
- Џип VOLKSWAGEN TUAREG од 2005година, служи како челно возило и возило за брзи интервенции при сообраќајни незгоди.

Во текот на 2018 година набавени се 20 нови црева fi52 за гаснење на пожари, 1 пумпа за вода и 1 моторка за сечење на дрва.

ТППЕ Кавадарци во 2018 година има извршено 273 интервенци на пожари.

ТППЕ Кавадарци е сместена во зграда која е изградена во 1952 година, во текот на 2018година извршено е комплетно реновирање на целиот објект.
Вградена е комплет нова кујна со нов фрижидер и шпорет за готвење, вградено е парно за затоплување на сите простории во зградата,нов мебел дежурана, нов мебел во канцеларија, просторија за едукација, обука и тестирање.
Како дел од реновирањето на ПП станицата изградени се нови гаражи за 5 возила, и една настрешница за 2 возила која е отворена од страните. Дворот е бетониран, а по крајот на оградата е направен зелен појас.

Во текот на 2019година се набавува дополнителна опрема за лична заштита и опрема за гаснење на пожари.

Во план е набавка на мало возило со мала носивост на вода кое ќе служи за дејствување низ тесните улици и непристапните делови од градот.

***Командир на ТППЕ Кавадарци***
***Чадамов Александар***

**Извештај**
**за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година**

Врз основа на Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци бр.07-873/29 од 28.02.2014 година и распишаниот Јавен повик за прибирање на апликации на програми/проекти за финансиска подршка од буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година наменети за спортисти, спортски клубови, професионални клубови регистрирани на подрачјето на општина Кавадарци општински и училишни сојузи бр.09 -4765/1 од 05.12.2017 година Комисијата за спорт му предложи , а Советот на Општина Кавадарци ја усвои Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година бр.08-272/22 од 31.01.2018 година.

Согласно горенаведената Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади бр.08-272/22 од 31.01.2018 година дел од спортските активности се финансирани врз основа на апликација од страна на клубовите и во рамките на одобрените средства од програмата, а финансирањето на проектите и манифестации наведени во програмата се реализирани преку Сојуз на спортовите на Кавадарци.

Во текот на 2018 година од Буџетот на Општина Кавадарци по Барање од страна на Спортските клубови ,а со решение квартално им се исплатени финансиските средства. За добиените финансиски средства спортските клубови се задолжени и квартално да доставуваат Финансиски Извештаи кои се разгледуваат и се усвојуваа со ЗАКЛУЧОЦИ од страна на комисијата за спорт на советот на Општина Кавадарци и тоа со следниве: Заклучок бр. 08-272/21 од 30.01.2018 год, Заклучок бр. 08-1668/3 од 27.03.2018 год, Заклучок бр. 08-3923/3 од 12.07.2018 год, Заклучок бр.08-4150/3 од 18.07.2018 год, Заклучок бр. 08-4976/3 од 05.09.2018 год, Заклучок бр. 08-5770/3 од 16.10.2018 год, Заклучок бр. 08-6677/3 од 27.11.2018 год, Заклучок бр. 08-7132/3 од 18.12.2018 год, Заклучок бр. 08-7356/1 од 26.12. 2018 год,

1.Стрелачки клуб “Кавадарци” согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одборени 62 500 денари и истите се реализирани .

Врз основа на извештајот од стрелачкиот клуб бр. 09-5762/1 од 15.10.2018 година, бр.13-7340/1 од 25.12.2018 година, одобрените средства се наменети за финансирање на активностите на програмата на стрелачкиот клуб – верификација на клубот, патни трошкови и банкарска обврска.

2.Карате Клуб “Тиквеш” согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одборени средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Карате клубот Тиквеш бр. 13-5688/1 од 10.10.2018 година и бр.13-7163/1 од 19.12.2018 година, одобрените средства се наменети за надоместок за користење на спортски објект и котизација во Карате Федерација.

3.Градски Ракометен клуб Тиквеш 2014 Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одборени средства од 500.000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Г.Р.К " Тиквеш " 2014 бр. 13-4886/1 од 30.08.2018 година и бр. 13-7388/1 од 27.12.2018 година, одобрените средства се наменети за исплата на тренери, надоместок за користење на спортска сала, колективно осигурување,исхрана на игарчи и исплата на судии и делегати за одиграни натпревари.

4. К.К"Спортисимо" согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани .

Врз основа на извештајот од К.К "Спортисимо" бр. 13-5760/1 од 15.10.2018 годинаи бр. 09-217/1 од 16.01.2019 година, одобрените средства се наменети за превоз, термини за користење на сала и опрема.

5.Ж.К.К " Трокал "- Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средста од денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Ж.К.К " Трокал " Кавадарци бр. 21-4082/1 од 16.07.2018 година и бр. 13-98/1 од 09.01.2019 година, одобрените средства се наменети за надоместок за термини во спортска сала, превоз , храна и ноќевање и опрема.

6.Карате Клуб "Кавадарци" Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 500 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Карате Клуб "Кавадарци" Кавадарци бр. 21-3939/1 од 12.07.2018 година, бр. 13-7347/1 од 25.12.2018 година, одобрените средства се наменети за надоместок за термини во спортска сала, превоз, храна, ноќевање и котизации за учество.

7.Карате Клуб "Елен-Еден" с.Ваташа согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 62 200 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Карате Клуб "Елен-Еден" с. Ваташа бр. 08-4805/1 29.08.2018 година, бр. 13-7346/1 од 25.12.2018 година, одобрените средства се наменети за надоместок за превоз, храна и ноќевање, термини за користење на сала, такси за учество.

8.Општински Сојуз на Училишен спорт –Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 години се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Општински Сојуз на Училишен спорт –Кавадарци бр.13-5767/1 од 15.10.2018 година и бр.13-7405/1 од 26.12.2018 година, одобрените средства се наменети за организација на регионални натпревари за организација на масовен велосипедски собир и организација на новогодишен турнир во футсал.

9.Планинарско спортско друштво Орле Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година, се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Планинарско спортско друштво Орле Кавадарци бр. 21-5794/1 од 17.10.2018 година и бр. 13-7372/1 од 26.12.2018 година, одобрените средства се наменети за опрема, превоз на планинари, маркици, поправка на возило, фонд за патишта и др.

10.К.К "Академик" Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од К.К Академик бр.13-4724/1 од 22.08.2018 година, бр. 13-7207/1 од 20.12.2018 година, одобрените средства се наменети за плаќање на

котизација, лиценци за играчите, за термини за спортската сала, за судиски и делегатски такси за натпреварите кои се одиграни.

11.Џудо Клуб “Кожувчанка” Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани .

Врз основа на извештајот од Џудо Клуб “Кожувчанка” Кавадарци бр.21-4296/1 од 23.07.2018 година и бр.13-7329/1 од 25.12.2018 година, одобрените средства се наменети за плакање на наемнина за тренинзи во спортска сала Јасмин Кавадарци, годишна котизација и патни трошоци.

12.Карате клуб “Урбан Инвест” Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година, се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Карате клуб “Урбан Инвест” Кавадарци бр. 09-5349/1 од 24.09.2018 година и бр.13-7355/1 од 26.12.2018 година, одобрените средства се наменети за делумно покривање на трошоците за термини, патни трошоци .

13.Р.К Тиквеш Јуниори 2012 Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Р.К “Тиквеш Јуниори 2012” Кавадарци бр. 09-5212/1 од 18.09.2018 година, бр. 13-7408/1 од 28.12.2018 година, одобрените средства се наменети за надоместоци на термини за тренинг во спортска сала Јасмин.

14.Спелеонуркачки клуб “Врело” согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Спелеонуркачки клуб “Врело” бр. 09-5577/1 од 04.10.2018 година, бр.13-192/1 од 15.01.2019 година, средства се искористени за еколошките акции на Тиквешко езеро, сместување, превоз и докомплетирање на опрема .

15.Здружение на граѓани КИК БОКС БУДО Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Здружение на граѓани КИК БОКС БУДО Кавадарци бр. 21-4088/1 од 16.07.2018 година. Бр .21-6614/1 од 21.11.2018 година, бр.13-270/1 од 21.01.2018 година, средсвата се искористени за плаќање на закупнина на сала за вежбање, купување на реквизити заштитна опрема.

16.Спортски риболовен клуб ОСКАР Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 50 000 денари.

Врз основа на извештајот од Спортски риболовен клуб ОСКАР Кавадарци бр. 09-5761/1од 15.10.2018 година, бр. 13-7126/1 од 18.12.2018 година, одобрените средства се наменети за надоместоци котизација за лига натпревар и спортски легитимации, котизација и книговодствени услуги.

17.Карате клуб Ронин Каи-Кан Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Карате клуб Ронин каи-кан Кавадарци бр. 13-6426/1 од 12.11.2018 година, бр. 10-278/1 од 21.01.2019 година, одобрените средства се наменети за закупнина за користење на простории сала за тренинг.

18.К.Г.С Партизан 2014 Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од К.Г.С Партизан 2014 Кавадарци бр. 13-5993/1 од 25.10.2018 година, бр. 09-31/1 од 03.01.2019 година, одобрените средства се наменети патни трошкови и за термини за тренинг.

19.Тениски Клуб Црна Река Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година, се одобрени средства од 62 500 денари истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Тениски Клуб Црна Река Кавадарци бр. 13-6969/1 од 10.12.2018 година, бр. 10-248/1 од 18.01.2019 година, одобрените средства се наменети за котизации во повеќе категории за учество во турнири.

20.Здружение Карате клуб ЕНЕРЏИ –ОСС Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 62 500 денари истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Здружение Карате клуб ЕНЕРЏИ –ОСС Кавадарци бр. 09-5349/1 од 24.09.2018 година, бр. 13-7099/1 од 17.12.2018 година, одобрените средства се наменети годишна членарина за учество во карате федерацијата, тренерски картон, годишна членарина во ЈКС – јапонски карате сојуз и котизација на меѓународни натпревари.

21.Ракометна Академија ВАРДАР-ДБ Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 100 000 денари и истите се реализирани .

Врз основа на извештајот од Ракометна Академија ВАРДАР-ДБ Кавадарци бр. 21-6684/1 од 26.11.2018 година, бр. 10-499/1 од 29.01.2019 година, одобрените средства се наменети закуп на спортски сали, патни и административни трошоци .

22.Кошаркарски клуб Про-Баскет Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани .

Врз основа на извештајот од Кошаркарски клуб Про-Баскет Кавадарци бр. 13-6443/1 од 13.11.2018 година, бр. 13-7423/1 од 31.12.2018 година, одобрените средства се наменети закуп на спортски сали, патни и административни трошоци.

23.Нинџицу клуб Татсиџин Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година одобрени се средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Нинџицу клуб Татсиџин Кавадарци бр.21-5758/1 од 15.10.2018 година, бр. 13-7407/1 од 28.12.2018 година, одобрените средства се наменети закуп на спортски Сали, патни и административни трошоци.

24.Пинг-понгарски клуб Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 50 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Пинг-понгарски клуб Кавадарци бр. 13-6740/1 од 28.11.2018 година, бр. 10-254/1 од 18.01.2019 година, одобрените средства се наменети закуп на спортски сали, патни и административни трошоци.

25.Тиквешки Точакџии Кавадрци согласно програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Тиквешки Точакџии Кавадарци бр. 13-7027/1 од 12.12.2018 година, бр. 10-743/1 од 07.02.2019 година, одобрените средства се наменети за реализација на проектот Алшар 2018 .

26. Боди билдинг клуб Екстрим Џим 212 Кавадарци согласно програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година, се одобрени средства од 50 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Боди билдинг клуб Екстрим Џим 212 Кавадарци бр. 13-6061/1 од 26.11.2018 година, бр. 13-282/1 од 22.01.2019 година, одобрените средства се наменети за закуп на деловен простор во спортска сала Партизан.

27. Аеро клуб Витачево Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година одобрени се средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Аеро клуб Витачево Кавадарци бр. 13-6440/1 од 13.11.2018 година, бр. 10-251/1 од 18.01. 2019 година, одобрените средства се наменети за патни трошкови, ноќевања и учество во меѓународни натпревари.

28. Атлетски клуб Тиквеш Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година одобрени се средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Атлетски клуб Тиквеш Кавадарци бр. 21-3933/1 од 12.07.2018 година, бр. 13-7405/1 од 28.12.2018 година, одобрените средства се наменети за патни трошоци, термини и опрема.

29. Ф.К Габер с. Ваташа Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година одобрени се средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Ф.К Габер с .Ваташа Кавадарци бр. 13-4796/1 од 24.08.2018 година, бр. 10-315/1 23.01.2019 година одобрените средства се наменети за патни трошоци, котизација судии делегати лекар и сл.

30. Ф.К Сопотско Поле Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година одобрени се средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Ф.К Сопотско Поле Кавадарци бр. 13-4850/1 од 29.08.2018 година, бр. 13-7379/1 26.12.2018 година одобрените средства се наменети за одржавање на фудбалски терен, патни трошоци, котизација судии делегати лекар и сл.

31. Ф.К Дреново 2016 Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година одобрени се средства од 62 500 денари а реализирани се 31 200 денари.

Врз основа на извештајот од Ф.К Дреново 2016 Кавадарци бр. 13-7121/1 од 17.12..2018 година, одобрените средства се наменети за патни трошоци, котизација судии делегати, лекар, опрема и сл.

32. Ф.К Марена с. Марена Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година одобрени се средства од 62 500 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Ф.К Марена с. Марена Кавадарци бр. 13-5079/1 од 10.09.2018 година, бр. 13-7205/1 од 20.12.2018 година,одобрените средства се наменети за регистрација на игрчи, делегати судии, лекар, камерман, исхрана на играчи патни трошоци и сл.

33.Сојуз на спортовите на Кавадарци согласно програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства од 710.000 денари и истите се реализирани..

Врз основа на извештајот од Сојуз на спортовите на Кавадарци бр. 13-3510/1 од 20.06.2018 година, бр. 13-5759/1 од 15.10.2018 година, бр. 13-7423/1 од 31.12.2018 година, одобрените средства се наменети за реализација на турнир Сестри Китеви , проект Избираме мади таленти, проект Отворени забавни фудбалски школи (Опен-фан), манифестација Избор на спортист за 2018 година и трошоци за работа на Сојуз на спортовите на Кавадарци.

34.Градски фудбалски клуб Тиквеш 1930-Кавадарци согласно програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства во висина од 6.700.000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештаите од Градски фудбалски клуб Тиквеш 1930 Кавадарци бр.13-2430/1 од 27.04.2018 година,бр. 21-3916/1 од 11.07.2018 година, бр.13-4947/1 од 03.09.2018 година, бр.13-6452/1 од 13.11.2018 година, 13-7333/1 од 25.12.2018 година одобрените средствата се наменети за котизација во ФФМ, регистрација на играчи, надомест на стручен штаб тренери, спортски директор, надомест на фудбалери, исхрана на играчи, сметки за стан, комесар за безбедност, патни трошкови, возач, реквизити и спортска опрема Организирање на Меморијален Турнир Вуко Каров, одржавање на фудбалски терени и сл.

Изготвил
Боро Ѓорѓиев

# Извештај
# За покренати судски постапки спрема Општина Кавадарци од аспект на задолженост

Спрема Општина Кавадарци Локална самоуправа се покренати следните судски постапки:

1. **Мал.вред.П.бр.133/18**

Тужител: Јане Глигоров од Кавадарци ул.„9 та Бригада“бр.3
Тужен: Општина Кавадарци
Основ:Долг
Вредност:300.000,оо денари

Од страна на тужителот е поднесена тужба за враќање на средства уплатени за урбанизација за Моклиште.

На ден 19.02.2018 годинаод страна на Основен суд Кавадарци е донесена Пресуда Мал.вред.П.бр.227/16 со кое се усвојува тужбеното барање на тужителот.

Од страна на Општина Кавадарци на ден 05.03.2018 година изјавена е жалба до Апелационен суд Скопје на пресудата на Основен суд Кавадарци.

Жалбата на општината е уважена и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување пред Основен суд Кавадарци.
Рочиште закажано за ден 14.03.2019 година.

2. **Мал.вред.П.бр.6/2019**

Тужител: Лазар Игнатов од Кавадарци ул.„Ленинова“бр.25
Тужен: Општина Кавадарци
Основ:Надомест на материјална штета
Вредност: 39.392,оо денари

Од страна на тужителот е поднесена тужба за надомест на материјална штета настаната поради кастрење на дрва во имот на тужителот.
Рочиште закажано за ден 16.05.2019 година.

3. **Мал.вред.П.бр.9/2019**

Тужител: Влатко Мемов од Кавадарци ул.„Пионерска“ бр.25
Тужен: Општина Кавадарци
Основ:Надомест на материјална штета
Вредност:68.212,оо денари

Од страна на тужителот е поднесена тужба за надомест на материјална штета причинета од излевање на канализација во имот на тужителот.
Рочиште закажано за ден 12.03.2019 година,

4. П4-27/2018

Тужител: Бошко Китанов од Кавадарци ул.„Дисанска“ бр.19
Тужен: Општина Кавадарци
Основ:Надомест на штета
Вредност: 1.000.000,оо денари

Од страна на тужителот е поднесена тужба за надомест на нематеријална штета. Тужителот при управување на велосипед на улица Шишка, се здобил со тешки телесни повреди, од причина што предната гума од велосипедот се заглавила во решетка за атмосверска вода.

Рочиште закажано за ден 04.04.2019 година

5. ВПП бр.210/17

Предлагач: Општина Кавадарци
Противник: Дејан Костадинов и Тања Костадинова од Кавадарци
Основ:Определување надоместок за експроприран недвижен имот за изградба на дел од улица Орце Николов
Вредност: 61.841,00 денари

Од страна на Општината во судската постапка е предложен надоместок од 923,00 денари по м2, со кој противниците не се сложиле и истите со Вешт наод предложиле надоместок во износ од 4.305,оо денари по м2.

Поради големата разлика на пазарната вредност на експроприраното земјиште во проценките судот определил Супер вештачење. Вештите лица во супер вештачењето утврдиле пазарната вредност на земјиштето од 2.152,50 денари по м2.

Рочиште закажано за ден 24.04.2019 година

6. ВПП бр.194/17

Предлагач: Општина Кавадарци
Противници: Мешкова Елизабета и Мешков Ѓорѓи од Кавадарци
Основ:Определување надоместок за експроприран недвижен имот за изградба на дел од улица Орце Николов
Вредност: 154.141,оо денари

Во тек е судска постапка од причина што не е постигната спогодба во управна постапка.

Од страна на Општината е предложен надоместок од 923,00 денари по м2, противниците не се сложиле па со друга процена – вештачење предложиле износ од 2.034,оо денари по м2.

Поради големата разлика на пазарната вредност на експроприраното земјиште во проценките судот определил Супер вештачење. Вештите лица во супер вештачењето утврдиле пазарна вредност на земјиштето во вкупен износ од од 852.121,00 денари (280.480,00 денари за надомест на штета и 571.641,00 денари како надомест за експроприраното земјиште).

По однос на супер вештачењето од страна на општината е истакнат приговор, по кој приговор Бирото за судски вешатачења доставил дополнителен вешт наод во кој ги дале истите вредности како и во супер вештачењето односно за експропираното земјиште утврдиле пазарна вредност од 3.423,00 ден./м2 или надомест за земјиштето во износ од 571.697,00 денари и надомест на штета во износ од 280.480,00 денари .

Рочиштето закажано на 16.04.2019 година.

7. Малв. П бр.239/18

Тужител: Ристенка Стојанова од Кавадарци ул."Блажо Алексов" бр.19А
Тужен: Општина Кавадарци
ЈП Комуналец
Основ: Надоместок за нематеријална и материјална штета
Вредност: 110.230,оо денари

Од страна на тужителката е поднесена тужба за надомест на нематеријална и материјална штета. Тужителката одејќи пешки во малото паркче спроти Полиција била нападната од глутница кучиња со што се здобила со телесни повреди.

Поднесен е одговор на тужба од страна на Општина Кавадарци.

Рочиште закажано на 21.03.2019 година.

8. ВПП бр.38/18

Предлагач: Ристо Малинков од Кавадарци преку полномошник адв. Љубинка Јаковлева
Противник: Општина Кавадарци
Основ:Определување надоместок за експроприран недвижен имот
Вредност: 873.915,00 денари

Од страна на предлагачот поднесен е предлог за определување на надоместок за експроприран недвижен имот на КП бр.15153/5 и КП бр.15153/6, каде е предложен надоместок од вкупен износ од 873.915,00 денари за површина од 406 м2.

Од страна на Општина Кавадарци поднесен е Одговор на предлог со кој се оспорува поднесениот предлог.

Рочиште закажано на 09.05.2019 година.

9. ВПП бр.28/18

Предлагач: Општина Кавадарци
Противници: - Милков Орданчо од Кавадарци со стан на ул. "Ѓуро Салај" бр.15/4/1

- Писинов Панчо од Белград со стан на ул. "Колубарска" б.7-1/3
- Шолаја Костадинка од Кавадарци со стан на ул. "Достоевска" бр.6-1/3

Основ:Определување надоместок за експроприран недвижен имот за изградба на дел од улица „Партизанска"

Вредност: 29.536,00 денари

Во управна постапка од страна на Општина Кавадарци е предложен надоместок од 923,00 ден./м2, кој противникот не го прифатил.

Предметот по службена должност од страна на Министерството за финансии – Одделение за управна постапка Кавадарци е доставен до Основен суд Кавадарци за определување на висина на надоместокот во судска постапка.

По приговор од страна на противникот Орданчо Милков дека управната постапка правосилно не е завршена бидејќи истиот имал поднесено Тужба до Управен суд против Решението за експропријација, Основниот суд Кавадарци на ден 29.10.2018 година донел Решение за прекинување на судската постапка ВПП бр.28/18 до правосилно завршување на управната постапка за експропријација.

**10. Малв. П бр.79/18**

Тужител: Дивна Поповска од Кавадарци ул."25-ти Мај" бр.5 преку пол. Адв. Ило Змејковски
Тужен: Општина Кавадарци
Основ: Надоместок на штета
Вредност: 91.512,оо денари

Од страна на тужителката е поднесена тужба за надомест на штета причинета заради рушење на дел од објект на КП. бр. 10792.

Општина Кавадарци поднела Одговор на тужба со кое тужбеното барање е оспорено.

Основниот суд Кавадарци на ден 19.12.2017 година донел Пресуда со кое го усвоил тужбеното барање на тужителката, и ја задолжил општината да плати надомест на штета во износ од 91.512,00 денари како и трошоци на постапката во износ од 41.844,00 денари.

По донесената пресуда на ден 11.01.2018 година од страна на општината била изјавена жалба до Апелационен суд Скопје која е уважена, а пресудата на Основен суд Кавадарци се укинува а предметот е вратен на повторно судење.

Се чека пресуда.

**11.ВПП.бр.33/16**

Предлагач: Општина Кавадарци
Противник: Никола Габев од Кавадарци преку пол. Адв. Благица Максимовска
Основ: определување на надоместок за експроприран недвижен имот за изградба на ул.Западен Булевар
Вредност: 112.382,00 денари

Во управна постапка од страна на Општина Кавадарци за експрорпираното земјиште е е предложен надоместок од 732,5 ден./м2, кој противникот не го прифатил.

Предметот по службена должност од страна на Министерството за финансии – Одделение за управна постапка Кавадарци е доставен до Основен суд Кавадарци за определување на висина на надоместокот во судска постапка.
Од страна на противникот Никола Габев ангажиран проценител и вешто лице кои за експроприраното земјиште во површина од 166 м2 определиле вредност од 35,5 евра/м2, за зимзелените дрвја и тревникот износ од 92.350,00 денари и за ограден зид износ од 139.115,00 денари.

Од страна на општината е доставена проценка од проценител „Метода Плус" ДООЕЛ кој за експроприраното земјиште утврдил пазарна вредност од 677,00 ден./м2 а за насадите (зимзелените дрвја) и тревникот износ од 24.350,00 денари.За оградниот зид не е предложен надомест од причина што оградниот зид е изграден без Решение за оградување.

Поради големата разлика на пазарната вредност на експроприраното земјиште во проценките судот побара од проценителите доколку е можно да извршат усогласување на проценките.

На ден 11.09.2018 година од страна на проценителите до судот е доставено Известување за извршено усогласување на проценувачите при што истите усогласиле надомест за експроприраното земјиште во износ од 35 евра/м2.

По однос на усогласувањето од страна на општината е истакнат приговор и е побарано судот да определи нова проценка од друг проценител.

Предлогот за изготвување на нова проценка од друг проценител од страна на судот не е прифатен.

Рочиште е закажано на ден 14.03.2019 година.

12. ВПП бр.8/18

Предлагачи: Никола Консулов од Кавадарци и други
Противник: Општина Кавадарци
Основ: Определување надоместок за експроприрано земјиште
Вредност: 5.382.480,00 денари

Од страна на предлагачите поднесен е предлог за определување на надоместок за експроприрано земјиште на КП.бр.10128/3 во површина од 2.188м2 во износ од 40 евра/м2 или 2.460,00 ден./м2 .

Општина Кавадарци поднела одговор на предлогот и го оспорила поднесениот предлог за определување на надоместок за експроприрано земјиште.

Од страна на судот предметот е доставен на вештачење до Биро за судски вештачења за определување на нова проценка за експроприраното земјиште.

Рочиште е закажано на 17.05.2019 година.

13.ВПП.бр.27/18

Предлагач: Општина Кавадарци
Противник: АД СИЗ за станбен и деловен простор

Основ: определување на надоместок за експроприран недвижен имот за изградба на ул.„Горски Венец“
Вредност: Ќе се определи со проценка

Во управна постапка од страна на Општина Кавадарци за експрорпираното земјиште и објект е предложен надоместок во вкупен износ од 111.218,99 ден./м2 , кој противникот не го прифатил.

Предметот по службена должност од страна на Министерството за финансии – Одделение за управна постапка Кавадарци е доставен до Основен суд Кавадарци за определување на висина на надоместокот во судска постапка.

Од страна на противниците е доставена нова проценка во која е утврден надомест за експрорпираното земјиште и објект во вкупен износ од 285.176,00 денари.

Рочиште е закажано на 18.04.2019 година.

14.ВПП.бр.1/19

Предлагач: Кузманов Ѓорѓи од Кавадарци преку пол.адвокат Блага Димова
Противник: Општина Кавадарци
Основ: определување на надоместок за експроприран недвижен имот во м.в. “Црвеника за изградба на улица„Западен Булевар“ – Индустриска зона”
Вредност: 154.980,00 ден.

Од страна на предлагачот поднесен е предлог за определување на надоместок за експроприрано земјиште на КП.бр.3699/8 КО Кавадарци ВОН и предложен е надоместок од 35 евра/м2 или за 72 м2 вкупен износ од 154.980,00 ден.

До Советот на Општина Кавадарци ќе се предложи донесување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба и определување на надоместок за експроприраното земјиште во износ од 1.537,00 ден./м2 односно надоместок во вкупен износ од 110.664,00 денари.

Рочиштето е закажано на 26.03.2019 година.

15.ВПП.бр.15/19

Предлагач: Грозданов Добре од Кавадарци преку пол.адвокат Ило Змејковски
Противник: Општина Кавадарци
Основ: определување на надоместок за одземено градежно земјиште во м.в. “Орце Николов”за изградба на ул.„Орце Николов“
Вредност: 202.335,00 ден.

Од страна на предлагачот поднесен е предлог за определување на надоместок за експроприрано земјиште на КПбр.10348 КО Кавадарци 2 и предложен е надоместок од 35 евра/м2 или за 94 м2 вкупен износ од 202.335,00 ден.

Рочиштето е закажано на 15.04.2019 година.

16.ВПП.бр.44/18

Предлагач: Општина Кавадарци
Противник: Благој Павлов од Кавадарци
Основ: определување на надоместок за експроприран недвижен имот за изградба на дел од улица „Орце Николов“
Вредност: 106.145,00 денари

Во управна постапка од страна на Општина Кавадарци е предложен надоместок од 923,00 ден по м2 или за 115 м2 вкупен износ од 106.145,00 ден. кој противникот не го прифатил.

Предметот по службена должност од страна на Министерството за финансии – Одделение за управна постапка Кавадарци е доставен до Основен суд Кавадарци за определување на висина на надоместокот во судска постапка.

Од страна на противникот е доставена нова проценка изработена од ПГПУ „Генико“Прилеп во која за експропријраното земјиште во површина од 115 м2 утврдиле надомест во износ од 70 евра/м2 или надомест од 495.075,00 денари и за градежна вредност на ограден зид во износ од 291.837,00 денари.

Согласно Записник за утврдување на фактичка состојба од 14.02.2019 година стручни служби од општината констатирале дека при изградбата на ул.„Орце Николов“ предметното експропријрано земјиште воопшто не е зафатено со изградбата на улицата. Имено улицата непречено функционирала и без експропријација на предметното земјиште.

Врз основа на Записникот од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепенеа управна постапка на ден 15.02.2019 година се донело Решение за поништување на решението за експропријација. По правосилноста на истото од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка предлогот за определување на надоместок ќе биде повлечен.

Рочиштето е закажано на 24.04.2019 година.

17.ВПП.бр.3/19

Предлагач: Општина Кавадарци
Противник: Павле Митрев од Кавадарци
Основ: определување на надоместок за експроприран недвижен имот за изградба на дел од улица 1,2,3, и 4 во м.в. “Дисанска”
Вредност: 106.145,00 денари

Во управна постапка од страна на Општина Кавадарци е предложен надоместок од 1.542,00 ден по м2 или за 63м2 вкупен износ од 97.146,00 ден. Кој противникот не го прифатил.

Предметот по службена должност од страна на Министерството за финансии – Одделение за управна постапка Кавадарци е доставен до Основен суд Кавадарци за определување на висина на надоместокот во судска постапка.

До Советот на Општина Кавадарци ќе се предложи донесување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба и определување на надоместок за експроприраното земјиште во износ од 2.152,00 ден./м2 односно надоместок во вкупен износ од 135.576,00 денари.

Рочиштето е закажано на 26.03.2019 година.

18. ВПП бр.256/16

Предлагач: Општина Кавадарци
Противник: Златко Илиевски од Кавадарци
Основ:Определување надоместок за експроприран недвижен имот за изградба на локалниот пат Крњево Бохула
Вредност: 5.985,00 денари

Во управна постапка од страна на Општина Кавадарци бил предложен надоместок од 35,00 ден./м2.

Бидејќи противникот не се јавил во управната постапка, предметот по службена должност од страна на Министерството за финансии – Одделение за управна постапка Кавадарци е доставен до Основен суд Кавадарци за определување на висина на надоместокот во судска постапка.

Од страна на Основен суд Кавадарци донесено е решение со кое постапката се прекинува, бидејќи странката е почината.

1. П1.бр.35/17

Тужител: Ристов Ристо од Кавадарци ул.„Илинденска„ бр.65
Тужен: - Општина Кавадарци
- Република Македонија
Основ: утврдување на сопственост, враќање на владение.
Вредност: 40.000,00 денари
Се бара утврдување на сопственост, враќање на владение.

Со Пресуда П1.бр.35/17 од 29.10.2018 година на Основниот суд Кавадарци, тужбеното барање на тужителот Ристо Ристов од Кавадарци со кое бара да се утврди дека према тужениот РМ е поранешен сопственик на недвижен имот, градежно земјиште во површина од 9м2, дел од КП бр. 16503 на ул. "Енгелсова" во Кавадарци, со граници и мери: од север во должина од 1,72м до КП бр.16503, од југ во должина од 1,08м до КП бр. 16503 од исток во должина од 6,53м до КП. бр. 12750/1, од запад во должина од 6,93м до КП.бр. 16503, запишано на име на тужениот во Имотен лист бр.2 за КО Кавадарци 2, како и барањето да се задолжи

тужениот да му ги надомести трошоците на постапката во вкупен износ од 47.781,00 денари, во рок од 15 дена, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Незадоволен од донесената Пресуда, Тужителот поднел Жалба до Апелационен суд Скопје.

2. **МАЛВП.бр.249/17**

Тужител: Рајна Ристова од с.Раец

Тужени: Општина Кавадарци и други.

Основ: надомест на штета за за оштетени овошки, лознички и поставување на жица и сипење.

Вредност: 115.180,00 денари

Со Пресуда Малв.П.бр.249/17 од 03.05.2018 година на Основниот суд Кавадарци, тужбеното барање на тужителката Рајна Ристова од с.Раец да се задолжат тужените Општина Кавадарци и други на име надомест на штета во вкупен износ од 98.180,00 денари за оштетена пченка и овошки СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Незадоволна од донесената Пресуда, Тужителката има поднесено Жалба до Апелационен суд Скопје.

1. **ВПП.бр.6/18**

Предлагач: Лепосава Чејкова од Кавадарци, Ристо Пециров, Ѓорѓи Пециров од Струмица и др.

Противник: Општина Кавадарци

Основ: Определување  на надоместок за експроприран недвижен имот на кој е изградена Општинската зграда

Вредност: 1.239.000,00 денари

Се бара надоместок за експроприрано земјиште од 1954 година за изградба на општинската зграда во површина од 413 м2.

Од страна на Основен суд Кавадарци на ден 15.02.2017 година донесено е Решение со кој предлогот се усвојува, а општината е задолжена да плати надоместок во износ до 1.239,000,00 денари  и процесни трошоци во износ од 234.018,00 денари.

По Жалба на општината која е уважена, решението е укинато и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд.

При повторното постапување и одлучување од страна на Основен суд Кавадарци на ден 12.10.2017 година донесено е Решение со кој предлогот на предлагачот се отфрла поради постоење на пресудена работа и се задолжува предлагачот да му надомести процесни трошоци на противникот во износ од 7.880,00 денари.

Од страна на предлагачите изјавена е жалба до Апелационен суд Скопје која е уважена, решението е укинато и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд.

При повторното постапување и одлучување од страна на Основен суд Кавадарци на ден 10.04.2018 година донесено е Решение со кој предлогот на предлагачот се отфрла поради постоење на пресудена работа и се задолжува предлагачот да му надомести процесни трошоци на противникот во износ од 7.880,00 денари.

Од страна на предлагачите изјавена е жалба до Апелационен суд Скопје која со Решение на Апелационен суд ГЖ-2968/18 од 05.07.2018 година е ОДБИЕНА како неоснована, решението на Основен суд Кавадарци ВПП бр.6/18 од 10.04.2018 година се потврдува.

Од страна на предлагачите изјавена е Ревизија на Решение на Апелационен суд Скопје од 05.07.2018 година, по која општината на ден 03.09.2018 година има поднесено Одговор на ревизија.

Се чека Одлука на Врховен суд.

2. **Мал.вред.П.бр.66/17**

Тужител: Нада Славева од Кавадарци ул.„Цано Поп Ристов"бр.4
Тужен: Општина Кавадарци
Основ:Стекнување без основ
Вредност: 391.043,00 денари

Со тужбата тужителката бара враќање на парични средства платени на име надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на станбено деловен објект – вклопување на ул.„Цано Поп Ристов" бр.4 Кавадарци.

Од страна на Основен суд Кавадарци на ден 28.04.2016 година донесена е Пресуда со која тужбеното барање се усвојува, а општината е задолжена да и поврати на тужителката парични средства стекнати без основ во вкупен износ од 391.043,00 денари и процесни трошоци во износ од 25.524,00 денари.

По Жалба на општината која е уважена, пресудата на Основен суд Кавадарци се укинува и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд.

При повторното постапување и одлучување од страна на Основен суд Кавадарци на ден 30.03.2017 година донесена е Пресуда со која тужбеното барање се усвојува, а општината била задолжена да и поврати на тужителката парични средства во вкупен износ од 391.043,00 денари и да плати процесни трошоци во износ од 38.884,00 денари.

Од страна на општината на ден 18.04.2017 година, против пресудата на Основен суд Кавадарци изјавена е Жалба до Апелационен суд Скопје.

Жалбата на општината е уважена, пресудата на Основен суд Кавадарци Мал.вред.П.бр.66/17 од 30.03.2017 година се преиначува а тужбеното барање на тужителката Нада Славева се ОДБИВА како НЕОСНОВАНО

и истата се задолжува да и плати на општината трошоци за жалба во износ од 15.801,00 денари.

Од страна на тужителката Нада Славева изјавена е Ревизија на Решение на Апелационен суд Скопје од 13.04.2018 година, по која општината на ден 13.06.2018 година има поднесено Одговор на ревизија.

Се чека Одлука на Врховен суд.

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ, ОПШТИ И ОПШТЕСТВЕНИ РАБОТИ
Раководител
Дипл.прав.Ленче Чиркова

# ИЗВЕШТАЈ

## За реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта на Општина Кавадарци за 2018 година

Вовед

Со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта на Општина Кавадарци за 2018 година, опфатена е изградба на локалните улици, крпење на ударни дупки и оддржување на улици во зимски услови, со што значително ќе се подобри состојбата и кавалитетот на сообраќајницата, а со тоа и безбедноста на корисниците на сообраќајот.

Извештај за Реализација

Реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција и оддржување на локалните патишта на Општина Кавадарци за 2018 година е релизирана со следниот обем

1.Одржување на локални патишта на територијата на Општина Кавадарци во зимски услови-Зимско одржување износ од 1,120,165 ден;

- Договор бр.21-5160/4 од 14,02,2018 година склучен со Градба Промет доо Кавадарци –Прва времена ситуација бр.011-46/2 на износ од 1,120,165 ден.

2.Набавка на градежни работи за крпење на ударни дупки на улици и патишта на територијата на Општина Кавадарци во износ од 3,660,674 ден

- Договор бр.23-3267/16 од 30,07,2018 година склучен со Изолација доо Скопје – Прва времена ситуација бр.05/185 на износ од 2,641,200 ден и Завршна ситуација бр.05/346 на износ од 301,652 ден или Вкупен износ од 2,942,852 ден
- Договор бр.21-4168/16 од 03,01,2018 година склучен со Урбан Инвест доо Кавадарци –Прва и Завршна ситуација на износ од 717,822 ден

3.Асфалтирање на улици и патишта на територијата на Општина Кавадарци согласно Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Кавадарци за 2018 година во износ од

- Договор бр.23-691/44 од 08,05,2018 склучен со Изолација доо Скопје-Прва времена ситуација(дел) во износ од 2,248,902 ден

Финансирање

Оваа Програма е финансирана од приходи од Јавното Претпријатие за Државни Патишта од каде за 2018 година добивме износ од 7.029.741,оо денари.

18.02.2018 година Општина Кавадарци

Извештајот го изработил:
Раководител на сектор
Елена Тасевски

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Кавадарци за 2018година**

1. **ВОВЕД**

Секторот за уредување на градежно земјиште и располагање со градежно земјиште сопственост на РМ во 2017 година работеше според усвоената Програма за работа од Советот на Општина Кавадарци. Во оваа Програма за работа се содржани сите активности што се во надлежност на овој Сектор предвидени со Законот за надлежностите на Локалната Самоуправа во повеќе области.

1.Со програма за уредување на градежното земјиште се дефинираат и спроведуваат следните активности:
1.1 Изградба на улици, реконструкција на улици, изградба на потпорни ѕидови и други објекти по Урбани заедници;
1.2 Проектирање, ревизија на проекти, надзор над комуналната изградба и др;
1.3 Изградба на системи за водоснабдување;
1.4 Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води;
1.5 Изградба на улици и патишта и други објекти по селски месни заедници;
1.6 Изградба на јавни објекти;

### 1.1.1 РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ СО АСФАЛТИРАЊЕ

Во делот на рекнструкција на улици со асфалтирање се реализираа и завршија следните улици заклучно се тековната 2018год

-ул. Владимир Назор
-ул. Дисанска
-ул.Доне Попов
-ул. Рајко Жинзифов
-ул Шишка од Партизан до судот

-Методија Џунов Џикот (од Б.Миладинови до муслимански гробишта и од Димче Мирчев накај Клинска)

-Струшка

-7ми септември спредна (накај здравствен дом)

- ул.Бабуна

-ул.Браќа Џунови реконструкција (кај ромите)

-ул.Ѓоре Брушански

-ул.Јован Планински

-ул.Праведничка

-ул.Народни Херои (пред градинка)

-ул.Желков Дол, спој со Фуштани

-ул.Орце Николов пробивање и асфалтирање

-ул.Самоилова реконструкција

-ул. Тоде Мајсторчев

**Додека пак улицата ул. 25 ти Мај пробивање е во тек и реализацијата ќе биде во 2019 год., ул. Бел Камен и ул. 14 Мај не се реализирани заради предходно завршување на подземна инфраструктура односно водовод и канализација.**

**Се вкупно од горенаведеното може да се заклучи дека за изградба и реконструкција на улици со асфалтирање од предвидените 21 улица во 2018 се реализирани 18 улици односно 85%**

**1.1.2 РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ СО ПОПЛОЧУВАЊЕ**

Во делот на рекострукција на улици и тротоари со поплочување се реализираа и завршија следните објекти заклучно се тековната 2018год

-ул.Данко Давков

-ул.Боро Ваташки

-ул.12 другари

-ул.Перо Видев кај гробиштата пробивање и тампонирање

-ул27 ми Март -споредни улици

-Партерно уредување околу фонтана во Глишиќ

-ул.Димката Ангелов Габерот тротоар

-ул.Дисанска

-Методија Џунов Џикот спој со Калница регулирање на раскрсница и атмосферска вода

-Лазо Асијата поплочување и бетонирање (кај муслимански гробишта)

-Клинска споредна улица (прередување и поплочување)
-ул. Методија Џунов Џикот споредна
-Диме Поп Атанасов (прередување)
-ул.Браќа Џунови - тротоар
-Пешачка патека кај Желков Дол

-бул.Македонија проширување и паркинг

-ул.Никола Минчев тротоар

-ул.Ѓорѓи Соколов- поплочување на улици

-ул.Блажо Алексов -поплочување на тротоар

-ул.Партизанска -поплочување на тротоари

-Божо Димов - поплочување на тротоар

-ул.Божо Димов -поплочување на улица (вадење на гр.коцка)

-ул.Илинденска -полочување на пешачка стаза

-бул.Моша Пијаде-тротоар пред градинката
-Западен булевар тротоар кај спортска сала
- Поплочување на тротоари на ул. Задругарска и Пиринска
- ул. Илинденска споредна со со вода и канализација
-Пристап до Брза Помош и концертна сала на ОМБУ Лазо Мицев
-Изградба на цвеќарници на ул. Видое Смилевски,
- Изградба на цвеќарници на ул. Моша Пијаде

**Додека пак ул. Клинска тротоар е во тек и ќе се реализира во тековната 2019година, ул Галишка –поплочување ќе се заврши во тековната 2019 год., ул. Кукушка во тек и ќе се заврши во тековната 2019 год и Изградба на цвеќарници на ул Западен Булевар ќе се заврши во тековната 2019 год.**

**Се вкупно од горенаведеното може да се заклучи дека за изградба и реконструкција на улици и тротоари со поплочување од предвидените 34 улици и тротоари во 2018 се реализирани 30 улици односно 88%**

### 1.1.3 ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ

**Во делот на изградбата на потпорните ѕидови реализирани се следните објекти во тековната 2018г.**

-ул Перо Видев потпорен ѕид на две различни локации

-ул.Клинска потпорен ѕид
-ул.Страшо Пинџур потпорен ѕид

**Додека пак потпорните ѕидови на ул. Коле Неделковски, ул.25ти Мај, ул. Смилица, ул.Његош и ул. Галишка се во тек и ќе бидат реализирани во текот на 2019г**

**Се вкупно од горенаведеното може да се заклучи дека за изградба на потпорни ѕидови од предвидените 9 потпорни конструкции и тротоари во 2018 се реализирани 3 улици односно 33%**

### 1.2 .1 ИЗРАБОТКА И РЕВИЗИЈА НА ПРОЕКТИ

Во тековната 2018 година се изработија многу проекти за асфалтирање на улици, изградба на системи за водоснабдување, и системи за однесување на отпадни води од кои завршени се следните проекти

- Основен проект за реконструкција на Северен Булевар
- Основен проект за изградба на ул. Лазо Асијата
- Основен проект за улица Бабуна
- Основен проект за рехабилитација на Тиквешко востание со фекална и атмосферска канализација
- Основен проект за пробивање на ул. Доне Попов споредна
- Основен проект за поплочување на желков дол и формирање на пешачка зона
- Основни проекти за потпорни конструкции
- Основен проект за изградба на гаражи на противпожарен дом
- Основен проект за пробивање на ул 25 ти Мај
- Основен проект за изградба на нова улица во населба Бел Камен со водовод и атмосферска канализација
- Основен проект за фекална канализација на ул. 12 Другари
- Проекти за инфарструктура
- Основен проект за Винска куќа
- Проекти за адаптација на БИЦ

Додека пак основните проекти за реконструкција на ул. Шишка, локален пат брана Тиквеш и изградба на основен проект за Западен Булевар се во тек и ќе се завршат во тековната 2019 год.

**Се вкупно од горенаведеното може да се заклучи дека за изработка и ревизија на проекти од предвидените 17 во 2018 се реализирани 14 односно 82%**

### 1.2.2 ИЗРАБОТКА НА ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТИ

Во календарската 2018 година се изработија елаборати за ажурирани подлоги за изработка на Урбанистичките планови, елаборати за експропријација, елаборати за оформување на градежни парцели за лицитација на градежно земјиште, елаборати за упис во катастар и други елаборати во функција на комунална изградба.

Сите порачани геодетски елаборати во 2018 год се реализирано односно 100%

### 1.2.3 ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТИ ЗА ПРОЦЕНА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

Во календарската 2018 година се изработија елаборати за процена на недвижен имот потребни при експропријација на земјиштето за реализација на комуналната изградба како и елаборати за процена на земјиште во сосптвеност на Општината дадено под закуп.

Сите порачани елаборати за процена на недвижен имот во 2018 год се реализирано односно 100%

### 1.3 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Во делот на изградбата на системите за водоснабдување се реализирани следните системи

- Интервенции за водовод

Додека пак, изградбата на водовод на локалитет Бел Камен е во тек и ќе се заврши во тековната 2019 година.

**Се вкупно од горенаведеното може да се заклучи дека за изградба на системи за водоснабдување од предвидените 2 во 2018 се реализирани 1 односно 50%**

### 1.4 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Во делот на изградбата на системите за одведување и прочистување на отпадни води се реализирани следните системи.

- Атмосферска канализација на ул, Пионерска
- Фекална канализација на ул.12 Другари
- Интервенции на фекална и атмосферска канализација

Додека пак фекална канализација на локалитет Бел Камен, е во тек и ќе се завршат во тековната 2019 год. И атмосферската канализација на ул. Дисанска нема да се реализира заради нерешени имотно-правни односи

**Се вкупно од горенаведеното може да се заклучи дека за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадните води од предвидените 5 локации за изведба во 2018 се реализирани 3 односно 60%**

## 1.6 ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ И ПАТИШТА И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ВО СЕЛСКИ МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

Во делот на изградбата на улици и патишта во селски месни заедници во 2018 години се реализираа следните објекти

- Улици во с. Марена
- Улици во с. Сопот
- Улици во с. Дреново,
- Улици во с. Возарци
- Улици во с. Бегниште,
- Улици во с. Ресава,
- Улици во с. Чемерско
- Улици во с. Брушани и останати населби на Тиквешко езеро

**Се вкупно од горенаведеното може да се заклучи дека за изградба на улици, и тротоари во селски месни заедници се изведени и завршени сите локации на изведба односно 100%**

## 1.7 ИЗГРАДБА НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ

Во делот на изградба на јавни објекти според програмата за уредување на градежно земјиште за 2018 се завршени следните објекти:

-Тампонирање и санација на полски патишта
-Реконструкција на поплочени површини
-Монтажа и реконструкција на гранитни коцки

-Градежни работи за оградување и изградба на детски игралишта и други површини

-Изградба на атлетска патека во спортски центар Јасмин 1 фаза (асфалтирање)

-Оградување на детска градинка

-Реконструкција 2 фаза и доградба на противпожарна станица, греење и партерно уредување

-Изградба на дел од главен колектор за отпадни води

Додека пак објектите :

- Реконструкција и проширување на Западен Булевар 2 фаза
- Нов пазар кај судот
- Оградување на Спортски центар јасмин
- Реконструкција на спортска сала Партизан

- Регулација на кеј на р. Луда Мара –Ваташа
- Изградба на нов кружен тек пред Тиквеш

се започнати и ќе се реализираат во текот на 2019 година

**Се вкупно од горенаведеното може да се заклучи дека за изградба на објекти од јавен карактер од предвидените 14 објекти во 2018 се реализирани 8 односно 57%**

## 2. О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно прикажаниот преглед за изградени односно реализирани објекти на просторот на Општина Кавадарци може да се констатира дека во 2018 година во однос на финансиска конструкција од вкупно планираните расходи за изградба и реконструкција на улици, изградба на потпорни ѕидови и други објекти по Урбани заедници, Проектирање, ревизија на проекти, надзор над комуналната изградба и др; Изградба на улици и патишта и други објекти по селски месни заедници;Изградба на јавни објекти; планирани 191.949.000 денари, се реализирани 99.929.818 денари односно реализација од 52,06%.

Во однос на финансиската кострукција за изградба на системи за водоснабдување од вкупно планирани расходи во износ од 300.000 денари, истите не се реализирани.

Во однос на финансиската конструкција за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води од вкупно планирани расходи во износ од 13.028.000 денари се реализирани 10.272.556 денари односно реализација од 78.85%

Во однос на финансиската конструкција за одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режимот на сообраќај се планирани вкупно расходи од 9.650.000 денари, а се реализирани 6.394.915 денари односно реализација од 66.27%.

Сите останати нереализирани, а планирани односно започнати објекти во однос на финански средства за комунална изградба ќе се префрлат во следната 2019година, после завршување на градежните активности, додека пак сите останати објекти погоре наведени кои не се реализирани, ниту започнати останува да се стават во програма за уредување на градежно земјиште за наредните години само ако се отстранат сите недостатоци за нивна нереализација односно имотно-правни проблеми

Извештајот го изработил:
Раководител на Сектор
Елена Тасевски

## <u>И З В Е Ш Т А Ј</u>

## <u>за реализација на Програмата за комунални дејности,урбанизам и заштита на животната средина за 2018година</u>

-<u>Увод</u>

Реализацијата на Програмата за комунални дејности е остварена согласно законските надлежности на Општина Кавадарци,Одлуката за комунален ред и ставките планирани за тековната Програма за 2018 год.,заедно со неколку измени и дополнувања , коишто се наметнаа како потреба за подобрување на функционирањето на јавните комунални дејности .

Извештајот го даваме по позициите што се планираат во Програмата за 2018 год. со физички и финансиски показатели и тоа :

А. Уредување на просторот ;

1. Набавка, транспорт и поставувања на урбана опрема (клупи , корпи,детски играчки за детски игралишта,легнати пречки и др)

| | |
|---|---|
| -по Договор бр.21-1366/28 од 14.08.2017год. | 1.160.223,00 |
| -по Договор бр.23-2143/13 од 11.05.2018год. | 137.795,00 |
| -по Договор бр.23-631/34 од 20.03.2018год. | 3.253.951,00 |
| | ------------------------------ |
| | 5.791.969,00 |

2. Одржување на урбана опрема (клупи,корпи за отпадоци,легнати пречки,детски играчки,монтажа и демонтажа на бина)

| | |
|---|---|
| 1.Договор бр.21-1368/15 од 15.05.2017год. | 518.999,00 |
| 2.Договор бр.21-3502/1 од 20.06.2018год | 90.600,00 |
| | ---------------------------- |
| | 609.599,00 |

**ВКУПНО - 6.401.568,00**

**Б. Одржување на сообраќајници со хоризонтална и вертикална сигнализација .**

1.Обележување сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини,такси постојки, паркинзи и др.

- по Договор бр.21-3501/1 од 20.06.2018год. 1.782.932,00

2.Поправка и одржување опрема

-семафори 300.000,00

- знаци

по Договор бр.21-1356/13 59.846,00

3.Набавка на знаци плоштади ,
опрема за семафори и раскрсници

-знаци

- поДоговор бр.23-1614/24 од 22.05.2018год. 202.073,00
- по Договор бр.21-1614/26 од 26.05.2018год. 62.027,00

-семафори

по Договорбр.21-1312/25 од 21.06.2017год. 1.499.788,00

ВКУПНО **3.906.658,00**

---

В . Јавно осветлување

1.Тековно одржување на улично осветлување

-потрошена електрична енергија 7.113.161,00

-потрошен материјал и опрема за тековно одржување

- Договор бр.21-2167/13 од31.05.2018год 958.355,00
- Набавка по договор 892.821,00
- Работна рака по договор 1.000.000,00

-----------------------

2.878.176,00

2.Инвестициони активности

-поставување нова НН мрежа за улично осветлување

-Договор бр. 21-1659/15 од 30.04.2018год. 178.522,00

-Годишен ануитет од Доогвор за поставени
енергетски ефикасни светилки 1.239.000,00

ВКУПНО 11.408.859,00

---

Г. Јавна чистота и зеленило

1.Пометување и перење улици во градот
по Договор бр.09-1070/1 од 18.01.2018год. 104.537,00
по Договор бр.09 -225/1 од 18.01.2018год. 9.503.502,00
---------------------------------
9.608.039,00

2.Услуги за одржување паркови и
зеленило ,производство на нови цветни
и дрвени насади и нивно засадување
-по Договор бр.09-1071/1 574.329,00
- по Договор 6.212.596,00
-------------------------------
6.786.925,00

СЕ ВКУПНО 16.394.964,00

Д. Дезинфекција ,дезинсекција и дератизација
1. Набавка на услуги за дезинсекција и дератизација
- по Договор бр.21-3853/22 од 27.12.2017год. 239.080,00

Ѓ. Заштита и благосостојба на животните
- третман на бездомни кучиња
-Договор бр.09-685/1од 07.02.2018год. 416.280,00

Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А

**А. Уредување на просторот ............................................. 6.401.568,оо**

**Б. Одржување на сообраќајници со хоризонтална и**
**вертикална сигнализација............................................. 3.906.658,оо**

**В. Јавно осветлување ..................................................... 11.408.859,оо**

**Г. Дезинфекција, дезинсекција и**
**Дератизација ..................................................... 239.080,оо**

**Ѓ . Заштита и благосостојба на**
**животните,третман на бездомни кучиња.......................... 8.500.000,оо**

СЕ : 38.774.409,оо ден.

Образложение :

Релизацијата на програмата за комунални дејности е во рамките на планираното, согласно стандардите и законските решенија .

Имаме отстапување во делот на Измените на оваа Програма каде што беа планирани нови семафори на крстосниците (3 броја)со вредност од 4.000.000,00 денари и уличното осветлување со вредност од 55.000,00ден.

Позицијата за новите семафори на 3 (три)крстосници временски се одложи за период од неколку месеци заради задоцнување на проектантот за изработка на основните проекти, но во периодот на разгледување на извештајот е отпочната изградба на истите и ќе се завршат во рокот дефиниран со Договорот.

Исто така позицијата за новото улично осветлување не се реализира во 2018год.но за истото е во тек јавната набавка и се планира најдоцна за 1 месец , да се отпочне со работа на терен.

Останатите позиции од оваа Програма се реализираа согласно планираниот обем за работа.

**Раководител**
**на Секторот за урбанизам,комунални дејности,сообраќај и заштита на животна средина**
**дги Драгослав Симоновиќ**

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2018 ГОДИНА

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, да се даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да се разменува, да се заснова право на стварна служеност, да се даде на трајно користење, да се пренесе правото на сопственост, и на него да се востановат други стварни права.

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Кавадарци, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2018 година.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Со годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на Општина Кавадарци.

Прибраните средства од надоместок за градежно земјиште согласно член 18 од Законот за градежно земјиште се распределуваат во сооднос 80% за Општина Кавадарци и 20 % за Република Македонија.

Одделението за располагање со градежно земјиште кое се состои од 3 службеници, во рамките на своите овластувања и работни задачи континуирано спроведува постапки за оттуѓување на градежно земјиште по пат на електронско јавно наддавање и редовни постапки по барање на странки по пат на непосредна спогодба.

1.По основ на спроведни постапки за оттуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на електронско јавно наддавање во текот на 2018 година беа реализирани односно оттуѓени вкупно 8 градежни парцели со намена А2- колективно домување. Прибрани средства по овој основ се:

| | |
|---|---|
| -надоместок за градежно земјиште | - 7.869.000,оо денари |
| -трошоци на постапка | - 2.143.278,оо денари |

2.По основ на спроведни постапки за оттуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба во текот на 2018 година од вкупно 35 завршени се 28 постапки од кои 7 се во фаза на решавање и прибрани се средства по основ:

| | |
|---|---|
| -надоместок за градежно земјиште | - 682.906,оо денари |
| -трошоци на постапка | - 11.000,оо денари |

3.По основ на спроведни постапки за оттуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба од 2017, а се реализирани/завршени во текот на 2018 година, прибрани се средства по основ:

| | |
|---|---|
| -надоместок за градежно земјиште | - 366.315,оо денари |
| -трошоци на постапка | - 12.000,оо денари |

**Севкупно средства по основ на надоместок за градежно земјиште прибрани се 8.918.221,оо денари.**

**Севкупно средства по основ на трошоци на постапка прибрани се 2.166.278,оо денари.**

